
ОПШТИНА
КАРПОШ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ
# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
КАРПОШ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски

Драги мои соседи, сограѓани и пријатели,



Нема доволно простор на овие страници да го изразам моето задоволство и чест што имам можност да ја побарам вашата доверба во натпреварот за прв човек на нашата Општина Карпош.

Не секој во животот добива ваква шанса, шанса да смени нешто во секојдневието на своите соседи, на нашите семејства, со цел поквалитетен живот преку пофункционална Општина.

Јас не сум човек политичар, доаѓам со над триесет години работен стаж во реалниот сектор, каде што нема нерешливи проблеми и ситуации и затоа нема да ветувам ништо што не ќе можам да го исполнам. Затоа се обраќам до сите Вас со надеж дека заеднички ќе успееме да ја направиме нашата Општина Карпош, повторно како некогаш, пристојно место за живеење. Со оваа мисла и со намера да го сопреме пропаѓањето и непланското градење низ целата Општина, сакам да ја побарам вашата поддршка за градоначалник, зошто само ние, граѓаните на Карпош, можеме и треба да одлучуваме за нашите маала, нашите улици, нашите паркови, за нашата заедничка иднина.

Карпош е местото на мојата младост, на моите најубави мигови во животот. Тука ги дочекав своите деца, тука живеам со мојата фамилија, тука ги споделуваме заедничките радости и таги со моите соседи и со моите пријатели, тука се наоѓа епицентарот на сите мои активности и тука сакам да овозможам шанса секој еден од нас да може во целост да ги ужива придобивките од потенцијалот на една урбана и модерна општина, како што е замислена и треба да биде нашата Општина Карпош.

На Општина Карпош ѝ е потребен човек кој ќе биде секојдневно меѓу вас и кој треба да овозможи менаџирање и хумано планирање на нашата Општина, бидејќи на Карпош му е потребен прогрес и визија за иднината. Ние мора заеднички да го сопреме урбанистичкиот хаос кој ја загушува нашата Општина. Се залагам и ви ветувам дека Карпош повторно ќе биде чиста, зелена и енергетски стабилна Општина. Мојата визија е повеќе паркови и зеленило, чисти и безбедни улици во секој интервал од денонокието.

Мојата најважна цел е во центарот на општинските политики да се врати човекот. На секој еден од нас ни е потребна квалитетна социјална и здравствена заштита и затоа ќе се залагам да ги унапредиме програмите за поддршка на пензионерите, ќе спроведеме интегрирани услуги за лицата со попреченост и ќе овозможиме континуирани бесплатни превентивни прегледи за граѓаните на Општина Карпош.

Ќе се залагам за развој на спортот и

спортските активности и за поддршка на културните манифестации. Нам ни се потребни здрави, среќни и духовно исполнети граѓани, затоа моите заложби ќе бидат насочени кон тоа во секое маало и на секој еден спортско-рекреативен простор во Општината да има бројни настани и активности кои ќе оплеменуваат и ќе овозможат услови кои ги исполнуваат очекувањата на сите!

Ви ветувам многу работа, искрен и транспарентен пристап и многу идеи кои се преточени во реални проекти во мојата визија за Општина Карпош.

Ве поканувам да ги разгледате истите и посакувам заеднички да изградиме Општина која ќе биде за сите нас. Карпош заслужува промени и просперитет!

Карпош заслужува повеќе.

Карпош заслужува подобро.

Карпош заслужува промена!

Со љубов за Карпош!

Ваш,

Сотир Лукровски

Кандидат за градоначалник на

Општина Карпош

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Христо Саракинов – носител на листа
2. Адријана Јакимовска – Панческа
3. Предраг Станковски
4. Благица Цветановска
5. Давор Грче
6. Неделчо Крстевски
7. Елена Домика
8. Димитар Георгиевски
9. Филип Ивановски
10. Ана Цветаноска
11. Александар Петровски
12. Аца Станишева
13. Владимир Спиров
14. Лидија Водијаник
15. Горан Илиевски
16. Александра Миновска
17. Владимир Лукрев
18. Олга Смилевска Спасова
19. Влатко Ангелески
20. Дајана Михајловска
21. Елизабета Јаманидоска
22. Ирена Цветановски
23. Оливера Караманова – Димовска
24. Александар Атанасовски
25. Марјан Петрушевски
26. Јасмина Цветановска
27. Игор Деспотовски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ 2025-2029 ГОДИНА

Со работа, љубов и визија – Карпош ќе биде најпосакувана општина, општина за пример!

Нашата Општина има сѐ – историја, традиција, култура, вредни и посветени луѓе. Но последните години видовме како се губи редот, како се запоставуваат јавните простори, како улиците и маалата стануваат жртва на бетонизација и хаос. Се создаде чувство дека Карпош им е одземен на жителите и предаден на интересите на малкумина. Тоа мора да се промени.

ВМРО-ДПМНЕ не ветува невозможни работи – не ветуваме чуда преку ноќ, туку реална и секојдневна работа. Ветуваме блискост со граѓаните, отворени врати и постојан дијалог. Ветуваме тимска посветеност со луѓе кои знаат дека политиката е служба на заедницата, а не на лични амбиции.

Време е да ја вратиме душата на Карпош – да го вратиме редот во улиците, сигурноста во маалата, зеленилото во парковите, насмевките кај децата и гордоста кај постарите. Време е Карпош повторно да стане наш – место за живот, а не само за преживување.

Овој план е визија, но и обврска. Тој е договор со жителите дека ќе работиме за секоја улица, секоја зграда и секое семејство. За нас, за нашата заедница.

## ➤ 1. Стоп за бетонизацијата и урбаниот хаосот

Карпош мора да ја врати рамнотежата помеѓу урбаниот развој и квалитетот на живеење. Последните години Општината беше сведок на агресивна градба што ги задуши маалата, го уништи зеленилото и го загрози јавниот интерес. Станува сѐ појасно дека граѓаните мора да си го вратат својот простор и да живеат во средина што ја заслужуваат. Затоа ќе се стопираат и ревидираат сите тековни урбанистички планови, но овојпат преку целосно транспарентен и инклузивен процес, во кој експерти, здруженија и самите жители ќе имаат вистински збор и влијание.

Ќе се формира ново јавно претпријатие „Карпош План“ кое нема да служи на привилегирани инвеститори, туку единствено на граѓаните. Со тоа ќе се воспостави нов систем во кој плановите нема да бидат диктирани од тесни интереси, туку ќе се создаваат заеднички, во корист на заедницата. Ќе се воведе нулта толеранција кон урбаната мафија, со остри контроли и јасни механизми што ќе ги спречат злоупотребите со парцели и планови.

Во исто време, сите граѓани кои навремено поднеле барања за легализација ќе до-

бијат фер и јасна постапка, со рок од две години за целосно решавање на нивните предмети. Така ќе се создаде праведност, доверба и чувство дека институцијата работи за луѓето, а не против нив.

Овој проект е визија за Карпош што го става јавниот интерес пред профитот, што го враќа зеленилото и чистиот воздух во прв план и што го штити просторот како највредно заедничко добро. Време е хаосот да заврши, а граѓаните да добијат општина што ќе биде нивен вистински дом.

## 2. Хајкинг Делта

Карпош мора повторно да дише. Секоја населба заслужува зелени површини што ќе носат свеж воздух, здравје и чувство на мир. Зеленилото не е луксуз и не е само убав декор – тоа е основа на квалитетот на живот, место каде децата растат безбедно, семејствата се собираат, а луѓето се чувствуваат дел од заедницата.

Затоа ќе се создаде нова рекреативна зона – „Карпош хајкинг делта", со пешачки и вело-патеки, летниковци и пошумување со 10 000 нови садници. Таа ќе стане новото белодробно крило на Општината, простор каде граѓаните ќе се движат, ќе одмораат и ќе живеат со природата. Ќе никнат и два нови големи парка, дополнети со зелени скверови во секоја населба, за ниту еден дел од Карпош да не остане без своја зелена оаза.

Постојното зеленило ќе биде ревитализирано со современи системи за наводнување „капка по капка" и бунари за одржливо снабдување со вода. Ќе се засадат нови дрвореди долж улиците и околу училиштата и градинките, создавајќи мини-зелени појаси кои ќе прочистуваат воздух, ќе штитат од прашина и бучава и ќе го разубават секое маало.

Овој процес нема да биде еднонасочен – граѓаните ќе бидат партнери во создавањето и одржувањето на зелените простори. Ќе се организираат заеднички акции за садење дрвја и грижа за локалните паркови, со цел јавниот простор да стане наша колективна одговорност и гордост.

Карпош ќе се претвори во општина што дише, во која природата не е потисната, туку вградена во секојдневниот живот на луѓето.

## 3. Парк 1020

Во срцето на Карпош ќе никне ново место што ќе ја спои забавата, спортот, науката и природата – Парк 1020. На површина од половина милион квадратни метри ќе се изгради мега-забавен парк со најсовремен спортски центар, картинг-патека и комплекс за мини голф покрај Лепенец. Тоа ќе биде простор за спорт, адреналин и рекреација, отворен за сите генерации, но и ново обележје што ќе го стави Карпош на мапата на модерните општини.

Во рамките на паркот ќе се изгради современа ботаничка градина – едукативно, културно и туристичко жариште каде што природата ќе стане достапна и интерактивна.

Градината ќе биде поделена на повеќе тематски зони – тропска, автохтона и медитеранска – секоја со своја автентична поставка и растителни видови. Посетителите ќе можат да ја откриваат природата преку мобилна апликација со QR-кодови за секое растение, а учениците и студентите ќе учествуваат во специјализирани образовни програми и истражувачки активности.

Оваа градина нема да биде само изложбен простор, туку и практичен центар, каде граѓаните ќе можат да купуваат расади и украсни растенија произведени на лице место. Така ќе се поттикне развојот на локалното зеленило и љубовта кон природата, додека паркот ќе стане место на кое ќе се спојуваат заедницата, образованието и туризмот.

Очекуваните придобивки се многуслојни – создавање на нова културна и туристичка атракција, отворање работни места во хортикултурата и туризмот, подигнување на еколошката свест кај жителите и градење на урбаниот идентитет на Карпош како зелена, современа и иновативна општина.

## ➤ 4. Резервоар за висока зона за водоснабдување

Општина Карпош, во соработка со Град Скопје и надлежните јавни претпријатија, ќе започне со реализација на проектот „Резервоар за висока зона за водоснабдување“, кој претставува еден од најзначајните капитални зафати во областа на комуналната инфраструктура.

Со изградбата на овој објект трајно ќе се реши проблемот со нестабилното водоснабдување во целата територија на Карпош и дел од Центар, особено во високите зони и во зградите повисоки од три ката. Новиот резервоар ќе обезбеди континуиран притисок и доволни количини на вода за сите домаќинства, институции и деловни објекти, со што ќе се подигне квалитетот на живеење и ќе се намалат секојдневните проблеми на граѓаните.

Изградбата на овој резервоар истовремено ќе значи и значително финансиско олеснување за жителите, бидејќи ќе се отстрани потребата за купување и одржување на приватни пумпи за вода во зградите. Со тоа се елиминираат дополнителните трошоци за граѓаните и се обезбедува сигурно и рамномерно водоснабдување за сите.

Проектот ќе биде изведен според најсовремени технички стандарди и ќе вклучува:

- изградба на резервоар со соодветен капацитет за покривање на високата зона,
- нова пумпна станица со автоматизиран систем за управување,
- примарни и секундарни доводни линии со висок степен на сигурност,
- мониторинг-систем за квалитет и притисок на водата во реално време.

Со овој капитален зафат Карпош ќе добие долгорочно решение кое ќе ја гарантира водната безбедност и ќе ја унапреди комуналната инфраструктура на највисоко ниво.

## 5. Решавање на сообраќајниот хаос со 600 нови паркинг места

Сообраќајот во Карпош мора да стане организиран, безбеден и предвидлив. Дневниот метеж на улиците не смее да остане секојдневна мака за граѓаните, туку треба да се решава со системски пристап и модерни решенија. Затоа ќе се создадат над 500 нови паркинг места преку монтажни катни гаражи опремени со соларни панели – практично и еколошко решение што ќе обезбеди чиста енергија и повеќе простор за возилата. Овие гаражи ќе бидат рамномерно распоредени низ општината: во Карпош 4 и Карпош 2 ќе има по 150–200 места, кај Млечен ќе се изградат 80, во Карпош 3 ќе се обезбедат 110, а во Влае 70 нови места.

Паралелно, ќе се воведе нова организација на сообраќајот преку еднонасочни улици во најфреквентните делови, за да се постигне трајно решение на метежот. На критичните улици ќе се поставaт хидраулични заштитни столбчиња, а долж тротоарите ќе има заштитни столбчиња за да се обезбеди непречено и безбедно движење на пешаците.

Карпош ќе добие и современа, „паметна“ сообраќајна сигнализација, со јасни ознаки и осветлување што ќе ја зголеми безбедноста и сигурноста на сите учесници. Со овие чекори, Општината ќе создаде ред и предвидливост во сообраќајот, а жителите конечно ќе можат да се движат низ маалата без хаос и нервоза.

## 6. Дигитална Општина – нова апликација „МОЈ Карпош“

Карпош ќе стане првата целосно дигитална општина во Македонија – со апликацијата „МОЈ Карпош“ како лична дигитална карта и интегрирана платформа за сите услуги. Модерна општина значи брзи, достапни и транспарентни услуги, без редици и без хартија, достапни 24 часа дневно, секој ден во неделата.

Преку апликацијата граѓаните ќе можат да поднесуваат барања и документи, да издаваат уверенија, да ги следат своите предмети во реално време и да добиваат одговори најмалку 80% побрзо од сегашниот начин на функционирање. Секое поднесено барање ќе биде евидентирано и решавано во најкраток можен рок, со обврска за одговор во рок од 48 часа.

Во „МОЈ Карпош“ ќе биде вграден модул за брзо и анонимно пријавување на проблеми, со можност граѓаните да ја следат реакцијата на општината во реално време. На овој начин, секој жител ќе стане активен партнер во уредувањето на јавниот простор, а секоја пријава ќе биде проследена до надлежните служби и транспарентно решена.

Апликацијата ќе понуди и целосна дигитализација на административните процеси со е-услуги без хартија, достапни 24/7. Ќе има интегриран систем за мерење и јавно следење на квалитетот на воздухот во реално време, отворена општинска веб-страница со пренос на советски седници, како и редовни известувања за јавни повици и локални настани.

Граѓаните ќе можат активно да учествуваат во онлајн анкети и консултации, директно

вклучувајќи се во креирањето на општинските политики. Дополнително, ќе се воспостават јавни Wi-Fi зони на плоштади, паркови и институции, со што бесплатниот интернет ќе стане достапен за сите. Новиот модул „Моја општина" ќе овозможи директна комуникација со градоначалникот и со општинските служби, отворајќи ново ниво на транспарентност и отчетност.

Како дел од платформата ќе функционира и граѓански сервис за брзи реакции – секое барање поднесено преку апликацијата, веб-страницата или бесплатната телефонска линија ќе биде евидентирано и проследено до надлежните служби. Граѓаните ќе добиваат повратна информација за статусот на своето барање во најкраток можен рок.

Дополнително, како нов модул во апликацијата ќе биде вклучен и **„Фит Карпош"** – дигитална алатка за здрава и активна општина. Преку него жителите ќе имаат пристап до термини за користење на спортските сали, информации за турнири и јавни спортски настани, календар на активности, како и можност за групни пријави и тимско учество. Овој модул ќе ја модернизира спортската култура во општината и ќе ги мотивира младите да се вклучат во спортот преку технологија што ја користат секојдневно.

Со оваа интегрирана дигитална платформа, Општина Карпош ќе воспостави брза, ефикасна и отчетна комуникација со жителите, ќе ја зајакне довербата во локалната администрација и ќе покаже како изгледа современа општина што е навистина блиска и функционална за своите граѓани.

Во апликацијата „МОЈ Карпош" ќе биде интегриран и модулот **„Итно копче"**, наменет за 24/7 поддршка на повозрасни и изнемоштени лица. Со едно притискање на копче преку мобилната апликација или поврзан уред, корисникот веднаш добива контакт со оператор кој може да испрати тим за прва помош, да организира медицинска интервенција или да обезбеди психолошка и техничка поддршка. На овој начин, најранливите жители ќе имаат сигурност и заштита во секој момент, а нивните семејства – мир и доверба дека општината се грижи за нивната безбедност и здравје.

## 7. Изградба на нова детска градинка и проширување на капацитетите на постоечките

Образованието е темелот на секоја силна и здрава заедница, а сигурноста дека секое дете ќе има место во градинка е предуслов за мирен семеен живот. Денес недостигот на капацитети е еден од најчестите проблеми на младите семејства во Карпош – долгите листи на чекање создаваат дополнителен притисок и ја отежнуваат секојдневната организација на работните и семејните обврски.

Затоа ќе се обезбедат најмалку 200 нови места во градинките преку изградба на нови објекти и проширување на постојните капацитети, особено на локации каде што е најголема потребата. Ќе се доградуваат нови крила и простории, ќе се адаптираат неискористени делови од постоечките објекти и ќе се модернизира инфраструктурата со цел да се обезбедат дополнителни услови за згрижување на деца.

Со овој проект ќе се изгради и нова градинка во населбата Влае, која ќе биде изведена по најсовремени стандарди за безбедност, енергетска ефикасност и функционалност. Градинката ќе обезбеди услови за престој, нега и воспитно-образовен процес за околу 200 деца, со што ќе се намали притисокот врз постојните капацитети. Со растот на населението и зголемениот број на семејства со мали деца, оваа инвестиција е неопходна. Објектот ќе вклучува современи простории за престој, игра и едукација, како и двор со рекреативни содржини, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Карпош во соработка со ЕБРД. Во случај на дополнителни потреби ќе се изградат и клони на градинки на уште две локации, во партнерство со Град Скопје.

Сите нови и проширени објекти ќе бидат опремени според највисоки стандарди – со енергетски ефикасни решенија, безбедносни протоколи, модерни дидактички материјали и функционални простори за престој, едукација и игра. Дворните простори ќе бидат уредени и збогатени со содржини што ќе овозможат децата да растат во безбедна и стимулирачка средина.

Покрај тоа, во основните училишта ќе се воведат бесплатни униформи за сите ученици, како симбол на еднаквост, дисциплина и припадност.

Очекуваниот резултат е јасен: зголемен број места во градинките, намалени листи на чекање, современи и сигурни услови за најмладите жители на Карпош и поголема поддршка за родителите. Општината со тоа ќе покаже дека најважната инвестиција е токму во децата и нивната иднина.

## 8. Европски спортски комплекекс „Карпош картинг стаза“

Карпош ќе добие прва урбана картинг-патека по европски стандарди – вистинска атракција за спорт, адреналин и рекреација достапна за сите генерации. Новата „Карпош картинг стаза“ ќе биде изградена со најсовремена безбедносна инфраструктура, зона за адреналински трки и комплетна техничка поддршка. Патеката ќе има урбана опрема, сервисна и техничка гаража, со што ќе овозможи тренинг, рекреација и организирање на натпревари со највисоки стандарди.

Овој проект не е само спортска содржина, туку и нова енергетска точка на Карпош – простор што ќе го привлече младото население, семејствата и љубителите на мото-спортот. Покрај рекреативната функција, предвидено е во првите три години од мандатот да се организираат Балканско и Европско првенство во картинг. Така, Карпош ќе стане дел од регионалниот спортски календар и центар на спортски и туристички случувања.

Со оваа модерна картинг-патека, изградена по сите европски стандарди, Карпош ќе добие нов симбол на динамика и урбан дух, што ќе ја потврди Општината како предводник во создавањето на современи спортски и забавни содржини.

## 9. Фасади, лифтови и шифрарници за сите згради

Голем број стари згради во Карпош со години се соочуваат со проблеми – дотраени фасади, нефункционални лифтови и недоволна пристапност за лицата со попреченост. Овие состојби не само што го намалуваат квалитетот на живот на жителите, туку претставуваат и директна закана за нивната безбедност. Особено погодени се постарите лица, лицата со намалена подвижност и семејствата со мали деца, кои секојдневно зависат од исправноста на лифтовите.

Со овој проект, Општина Карпош ќе овозможи субвенции за реконструкција и модернизација на фасадите, како и целосна замена на клучните безбедносни делови на постоечките лифтови – сајли, сопирачки, управувачки системи и системи за итни случаи. На тој начин ќе се обезбеди нивно сигурно функционирање без ризик по жителите. Работите ќе се изведуваат според современи стандарди и со редовни проверки, со цел да се продолжи векот на траење на лифтовите и да се гарантира нивната доверливост во секојдневното користење.

Обновените фасади ќе придонесат за поголема енергетска ефикасност, намалени трошоци за греење и ладење и подобрен визуелен изглед на урбаната средина. Истовремено, лифтовите со заменети безбедносни компоненти и осовременети механизми ќе им овозможат на сите станари – особено на најранливите – достоинствено и безбедно секојдневие.

Дополнително, во сите влезови на зградите ќе бидат поставени шифрарници, со што ќе се зголеми контролата и заштитата на станарите и ќе се спречат злоупотреби.

Оваа иницијатива е многу повеќе од технички зафат – тоа е вложување во достоинството, комфорот и секојдневната сигурност на граѓаните. Со овој фонд, Карпош ќе покаже дека е општина што се грижи за своите жители и создава услови за современо, удобно и пристојно живеење.

## 10. Изградба на два нови затворени училишни базени во Општина Карпош

Проектот предвидува изградба на два нови затворени училишни базени во Општина Карпош со цел да се создадат современи услови за наставата по физичко образование, развој на спортски таленти и промоција на здрави животни навики кај младите.

Објектите ќе бидат целосно затворени и приспособени за користење во текот на целата година со современи технички решенија за енергетска ефикасност и одржливост. Ќе бидат опремени со гардероби, санитарии, простории за наставници и спасители, како и пристапни решенија за лица со попреченост, со што ќе се овозможи целосна инклузивност и усогласеност со европските стандарди.

Со реализацијата на проектот ќе се овозможи унапредување на образованието и спортот, подобрување на здравствените навики на младите и креирање нови можности за рекреација, натпревари и јавни настани во Општината.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Современата општина не се мери само по бројот на згради, туку по тоа како изгледаат улиците, тротоарите, парковите и јавните простори. Карпош мора да ја врати рамнотежата меѓу урбаното живеење и човечките потреби. Граѓаните очекуваат улици без дупки, функционални тротоари, добро осветлување, безбеден сообраќај и јавен простор кој им припаѓа на сите.

Во последните години, неконтролираната изградба го наруши карактерот на маалата – таму каде што некогаш имало зеленило, денес има бетон и сообраќаен метеж. Време е да го промениме пристапот и да градиме со план, со визија и со почит кон граѓаните.

Модерната општинска инфраструктура значи СТОП на БЕТОНИЗАЦИЈАТА преку:

- ревизија на сите урбанистички планови и враќање на јавниот интерес во центарот на одлучувањето,
- транспарентно и инклузивно планирање со учество на жителите и стручната јавност,
- фер и брзо решавање на барањата за легализација,
- ново јавно претпријатие „Карпош план" кое ќе ја врати професионалноста и одговорноста во урбанизмот.

На овој начин, Карпош ќе добие инфраструктура која не е наметната од интересите на малкумина, туку изградена врз потребите на сите жители – современа, функционална и достоинствена.

## Меѓународен конкурс за одржлив урбанистички план

Општина Карпош ќе распише меѓународен конкурс за избор на најиновативни и најквалитетни урбанистички решенија во согласност со современите европски практики и стандарди за одржлив развој. Целта на конкурсот е да се обезбеди долгорочна визија за развој на Општината која ќе ги интегрира зелените површини, јавните простори, инфраструктурата и современите потреби на жителите.

Конкурсот ќе биде отворен за архитектонски бироа, урбанистички студија, факултети и независни експерти од земјата и од странство. По завршувањето на конкурсот, ќе се спроведе јавна консултација со граѓаните и стручната јавност за да се избере најсоодветното решение.

Избраното решение ќе гарантира балансиран урбан развој кој ќе стави крај на неконтролираната бетонизација, ќе ја зајакне инфраструктурната мрежа, ќе понуди нови зелени и рекреативни површини и ќе овозможи хармоничен животен простор за сите генерации.

## Активно до училиште

Општина Карпош ќе го реализира проектот „Активно до училиште", кој има за цел да овозможи безбеден, здрав и одржлив начин на пристап на учениците до основните и средните училишта во Општината. Во рамките на проектот ќе се воспостават јасно обележани пешачки и велосипедски рути кои ќе ги поврзат населбите со образовните институции.

Со овој пристап се поттикнува физичката активност кај децата и младите, се намалува зависноста од автомобилски превоз и се придонесува кон чиста животна средина. На критичните раскрсници ќе бидат поставени дополнителни сообраќајни знаци, светлосна сигнализација и заштитни огради, со цел зголемена безбедност на учениците.

## Општински редари и комунални инспектори

Општина Карпош ќе воведе зголемено присуство на редари и инспектори во близина на училиштата, градинките, парковите и останатите јавни простори, со цел да се обезбеди поголема безбедност и ред во секојдневното функционирање на Општината. Редарите ќе бидат задолжени за одржување на јавниот ред и за навремена реакција при нарушување на безбедноста, додека инспекторите ќе вршат контрола врз почитувањето на прописите за чистота, паркирање, употреба на јавни простори и заштита на зеленилото.

Присуството на редарите и инспекторите ќе биде најзасилено во часовите кога децата пристигнуваат и заминуваат од училиштата и градинките, како и за време на викендите и празниците, кога јавните простори се најмногу посетени. Со ваквиот пристап, општината ќе создаде чувство на сигурност кај граѓаните, ќе спречи недисциплинирано однесување и ќе покаже дека постои реална контрола и грижа за јавниот простор.

## Анонимна линија за пријави

Општина Карпош ќе воспостави бесплатна телефонска линија преку која граѓаните анонимно ќе можат да пријавуваат опасни ситуации, криминални активности, нарушување на јавниот ред, како и урбани проблеми поврзани со чистотата, дивите депонии, оштетена инфраструктура или узурпирани јавни површини.

Со воведување на ваков систем, Општината ќе покаже посветеност на транспарентност, отчетност и активна грижа за секојдневниот живот на жителите.

## СТОП на бетонизацијата – целосно поништување, стопирање на тековните и ревизија на сите детални урбанистички планови (ДУП)

Општина Карпош ќе спроведе целосна ревизија на сите постојни детални урбанистички планови (ДУП), со цел да се стави крај на неконтролираната изградба, да се спречи урбаниот хаос и да се воспостави јасна визија за одржлив развој на Општината. Во рамки на оваа реформа ќе бидат целосно поништени спорните решенија, ќе се сто-

пираат тековните процеси на бетонизација и ќе се отвори темелна ревизија на сите планови.

Во процесот активно ќе бидат вклучени стручната јавност – архитекти, урбанисти, еколози и правници – како и самите граѓани преку јавни расправи, форуми и консултации. На тој начин ќе се обезбеди транспарентност, директно учество на заедницата и донесување решенија кои се во вистински интерес на жителите.

Ревизијата ќе опфати проверка на усогласеноста на постојните ДУП со Генералниот урбанистички план (ГУП) и со националното законодавство, укинување или измена на спорните одредби кои овозможуваат прекумерна и хаотична градба, зголемување на процентот на зелени и јавни површини, заштита на животната средина и културното наследство, како и воспоставување критериуми за енергетска ефикасност и примена на современи европски стандарди.

Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави фер и одржлив систем на урбанистичко планирање, кој ќе ги заштити жителите од штетни урбанистички решенија и ќе овозможи хармоничен развој на просторот во следните децении.

## Легализација со фер постапка

Општина Карпош ќе воспостави брза, транспарентна и правична постапка за решавање на сите барања за легализација на објекти во рок од две години. Целта е конечно да се стави крај на долгогодишните административни пречки и неизвесноста со кои се соочуваат жителите, како и да се обезбеди правна сигурност за сопствениците.

Сите позитивно решени барања ќе бидат опфатени во следната урбанистичко-планска документација.

Општината ќе обезбеди:

- автоматско известување за статусот на предметот преку СМС или Е-пошта,
- јавен регистар на сите решени предмети,
- строги механизми за контрола и отчетност за спречување на корупција и фаворизирање.

Со оваа реформа ќе се намали бирократијата, ќе се убрза процесот и ќе се зајакне довербата меѓу граѓаните и институциите. На тој начин, легализацијата нема да биде алатка за злоупотреби, туку фер постапка што носи сигурност и стабилност во сопственичките односи.

## Јавно претпријатие „Карпош План“

Со цел Општина Карпош да воспостави независен, професионален и транспарентен капацитет за изработка и ревизија на урбанистички планови, ќе се формира јавно претпријатие „Карпош План“. Ова претпријатие ќе биде посветено исклучиво на креирање урбанистички решенија во корист на граѓаните и јавниот интерес, без влијание на приватни профити и партиски притисоци.

Клучен принцип на претпријатието ќе биде транспарентноста. Сите документи, планови, анализи и мислења ќе бидат објавувани онлајн и достапни за јавноста. Ќе се воведат редовни јавни консултации со граѓаните и стручната фела, со што ќе се обезбеди фер и инклузивен процес на планирање.

Со основањето на ова претпријатие, Општината ќе добие институционална алатка за долгорочен и одржлив развој, ќе се намалат коруптивните практики и ќе се создаде гаранција дека урбанизмот ќе биде воден од стручност, а не од интереси на поединци.

## Резервоар за висока зона за водоснабдување во Карпош

Општина Карпош, во соработка со Град Скопје и надлежните јавни претпријатија, ќе започне со реализација на проектот „Резервоар за висока зона за водоснабдување", кој претставува еден од најзначајните капитални зафати во областа на комуналната инфраструктура.

Проектот ќе биде изведен според најсовремени технички стандарди и ќе вклучува:

- изградба на резервоар со соодветен капацитет за покривање на високата зона,
- нова пумпна станица со автоматизиран систем за управување,
- примарни и секундарни доводни линии со висок степен на сигурност,
- мониторинг-систем за квалитет и притисок на водата во реално време.

Со овој капитален зафат Карпош ќе добие долгорочно решение кое ќе ја гарантира водната безбедност и ќе ја унапреди комуналната инфраструктура на највисоко ниво.

## Еко мобилност – Карпош

Општина Карпош започнува со реализација на сеопфатниот проект „Еко мобилност – Карпош", чија цел е да создаде современа, безбедна и одржлива инфраструктура за движење и паркирање, во согласност со европските стандарди за зелена мобилност.

Преку овој проект ќе се воспостави целосна велосипедска мрежа што ќе ги поврзува сите клучни локации во општината – населбите, училиштата, парковите, спортските центри и јавните институции. Новите велосипедски патеки ќе бидат изведени според европските стандарди, со јасна сигнализација, одделени делови за велосипедистите и безбедни премини на критичните сообраќајни точки. Со тоа ќе се обезбеди непречено, сигурно и брзо движење на велосипедистите, но и целосна интеграција со пешачката и јавната инфраструктура.

За да се поттикне користењето на велосипедот како секојдневно превозно средство, Општината ќе постави петстотини специјализирани паркинг-места за велосипеди. Тие ќе бидат распоредени на стратешки локации – во близина на училиштата, спортските сали, парковите, културните центри и трговските зони. Паркинзите ќе бидат современо дизајнирани, со безбедна конструкција и лесна пристапност, а на дел од нив ќе има натстрешници за заштита од временските услови и осветлување за поголема безбедност во вечерните часови.

Истовремено, недостигот на паркинг-места за автомобили ќе се решава преку изградба на монтажни катни гаражи со капацитет од петстотини нови места. Овие гаражи ќе бидат модуларни и брзо монтажни, со минимално нарушување на околината и можност за проширување според потребите. Посебно ќе бидат опфатени и најоптоварените делови на Општината: во Карпош 4 и Карпош 2 ќе се изградат по 150 до 200 нови места, кај Млечен ќе се обезбедат 80, во Карпош 3 ќе се изградат 110, а во Влае 70 паркинг-места. На покривите на гаражите ќе се поставаат соларни панели кои ќе произведуваат електрична енергија за сопствено снабдување, а вишокот ќе се пренасочува во општинската мрежа. Дополнително, гаражите ќе бидат опремени со дигитален систем за контрола и наплата, видеонадзор, осветлување и уредени пешачки пристапи, а ќе бидат интегрирани и со јавниот превоз и велосипедската инфраструктура.

Со реализацијата на „Еко мобилност – Карпош" ќе се намали сообраќајниот метеж, загадувањето и бучавата, ќе се промовира здрав и активен начин на живот, ќе се создаде култура на велосипедизам и ќе се овозможат современи, еколошки одговорни решенија за урбаната мобилност. На тој начин, Општина Карпош ќе воспостави нов стандард на функционално и одржливо уредување на градската средина.

## Безбедни пешачки зони – заштитни столбчиња на критични улици

Со цел зголемување на безбедноста на пешаците и подобрување на урбаниот ред, Општина Карпош ќе започне со поставување заштитни столбчиња долж критичните улици и пешачки премини. Најголем приоритет ќе бидат локациите кај училиштата, градинките, здравствените установи и фреквентните премини, каде што постои зголемен ризик од сообраќајни несреќи и непрописно паркирање.

Проектот ќе се реализира во фази, почнувајќи од најфреквентните и најризични точки во општината, со план за постепено покривање на сите критични улици. Поставените столбчиња ќе бидат изработени од трајни и безбедни материјали, со видлива сигнализација во согласност со европските стандарди за урбан дизајн и сообраќајна безбедност.

Со воведувањето на „Безбедни пешачки зони", Општина Карпош директно ќе ја подобри безбедноста во секојдневието на граѓаните, ќе го намали хаосот во паркирањето и ќе испрати јасна порака дека пешакот е на прво место.

## Еднонасочен Карпош – оптимизација на уличната мрежа

Со цел намалување на сообраќајниот метеж и воспоставување поголем ред во Општината, Општина Карпош ќе започне со воведување на еднонасочни улици во најфреквентните делови на градот. Најголем приоритет ќе бидат улиците околу училиштата, трговските зони и деловните центри, каде што сообраќајот е најзагустен и најризичен.

Со воведувањето на „Еднонасочен Карпош“, Општината директно ќе ја подобри сообраќајната култура, ќе го намали хаосот на улиците и ќе обезбеди системски и долгорочен ред во урбаната мобилност.

## Осветлен и безбеден Карпош

Со цел зголемување на безбедноста и подобрување на квалитетот на живот во сите населби, Општина Карпош ќе започне со поставување нови енергетски ефикасни ЛЕД-светилки на улиците, парковите и јавните простори. Со овој проект ќе се обезбеди подобро и порамномерно осветлување, кое директно ќе придонесе за чувство на сигурност кај жителите.

Со реализацијата на „Осветлен и безбеден Карпош“, Општината ќе покаже вистинска грижа за граѓаните – создавајќи средина што е и безбедна, и модерна, и еколошки одговорна.

## Сигурни улици – модерна сигнализација

Со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот и создавање уреден урбан амбиент, Општина Карпош ќе започне со поставување современа хоризонтална и вертикална сигнализација за пешаци и возила. Проектот ќе опфати нови пешачки премини со јасна видливост, модерни семафори со енергетски ефикасна технологија, како и светлечки обележувачи за критичните делови од улиците.

Со реализацијата на „Сигурни улици – модерна сигнализација“, Општина Карпош ќе обезбеди современ и безбеден сообраќаен систем кој ќе го штити животот и здравјето на граѓаните и ќе создаде чувство на ред и сигурност на секој чекор.

## Предвидуваме рехабилитација, реконструкција и проектирање на улиците:

- **Рехабилитација на ул. „Трнодол“.**
- **Реконструкција на ул. „Загребска“.**
- **Потпорен ѕид – ул. „Загребска“.**
- **Реконструкција на ул. „Џумајска“.**
- **Реконструкција на ул. „Софиска“.**
- **Реконструкција на ул. „Атинска“.**
- **Реконструкција и паркиралишта – ул. „Трифун Бузев“.**
- **Новопроектирана улична мрежа – ул. „1687“, Бардовци.**
- **Новопроектирана улична мрежа – ул. „К“, Бардовци.**
- **Новопроектирана улична мрежа – ул. „Новопроектирана 3 и 2“.**
- **Изградба на ул. „Новопроектирана 7“, Злокуќани.**
- **Реконструкција дел од ул. „Новопроектирана 3“, Нерези.**

## Инфраструктурни објекти:

- **Новопроектирани улици „5, 6, 7“.**
- **Водовод и канализација (ул. „5, 6, 7“, Бардовци).**
- **ул. „Е“ и ул. „Новопроектирана 3“, Бардовци.**

## Проект за замена на лифтови, покривни конструкции и реновирање на фасади

Проектот има за цел модернизација на станбените згради во Карпош преку замена на дотраените безбедносни компоненти на лифтовите, реконструкција на покривите и реновирање на фасадите. Со тоа ќе се зголеми безбедноста на жителите, ќе се намалат енергетските загуби и ќе се подигне визуелниот изглед на урбаната средина.

Активностите опфаќаат инспекција и проценка на состојбата на објектите, изработка на архитектонско-градежни планови, замена на клучните безбедносни делови на лифтовите – како што се сајлите, сопирачките, управувачките системи и системите за итни случаи – со современи и сигурни решенија. Дополнително ќе се изврши реконструкција на покривите со издржливи материјали и реновирање на фасадите со енергетски ефикасни решенија што ќе обезбедат топлинска заштита и свеж изглед на зградите.

Очекуваните резултати се зголемена сигурност и удобност на станарите, подобрена енергетска ефикасност со намалени сметки за струја и греење, како и подмладен изглед на зградите и јавниот простор, што ќе придонесе за поголема атрактивност на Општината.

## 600 нови паркинг-места во Карпош

Недостигот на паркинг-места претставува секојдневен проблем за жителите и посетителите на Карпош. Со цел да се обезбеди трајно, практично и еколошко решение, Општината ќе реализира проект за изградба на монтажни катни гаражи со вкупен капацитет од 600 нови паркинг-места.

Локации и капацитети:

- Карпош 4: 120 нови места
- Карпош 2: 120 нови места
- Млечен: 80 нови места
- Карпош 3: 110 нови места
- Влае: 70 нови места
- Козле кај О.О.У „Владо Тасевски“: 100 нови места.

Со реализацијата на овој проект, Карпош ќе добие современо и еколошки одговорно решение за сообраќајниот метеж, со што директно ќе се подобри квалитетот на урбаниот живот.

## Беспрекорно чист Карпош – ноќно миење и чистење со GPS-контрола

Овој проект е насочен кон создавање почиста и поздрава животна средина преку воведување редовно ноќно чистење и миење на улиците и тротоарите во Карпош. Целта е да се подобри урбаниот изглед, да се намали прашината и загадувањето и да се подигне квалитетот на секојдневното живеење. Активностите вклучуваат набавка на специјализирана механизација, развивање распоред за чистење на улиците, обука на персоналот и воведување GPS-систем за следење на камионите со цел поголема транспарентност и отчетност (особено доколку се изврши трансформација на ЈП „Комунална хигиена“).

Очекуваните резултати се почисти улици и јавни површини, подобрување на јавното здравје преку намалување на прашината и нечистотијата, како и зголемена доверба кај граѓаните дека јавните служби работат ефикасно и одговорно.

## Проект за поставување нови корпи за отпад

Целта на овој проект е подобрување на јавната хигиена и изгледот на јавните простори во Карпош преку поставување нови, современи корпи за отпад. Со нивното поставување ќе се намали количината на отпад на улиците, парковите и јавните површини, а граѓаните ќе добијат полесен и поефикасен начин за правилно отстранување на ситниот отпад од секојдневното користење.

Активностите ќе опфатат мапирање на најфреквентните локации – булевари, пешачки патеки, училишни дворови, детски игралишта и паркови – и набавка на нови корпи за отпад со модерен дизајн и издржливи материјали. Корпите ќе бидат поставени на погодни и пристапни места, а дел од нив ќе имаат двојни прегради за селекција на отпад (пластика и хартија одвоено од мешан отпад).

Очекуваните резултати се почиста општина, подобрена навика за правилно фрлање на отпадот кај граѓаните и создавање уреден и пријатен јавен простор. Со овој проект, Карпош ќе покаже дека грижата за секојдневната хигиена и уредност е важен дел од урбаната култура и квалитетот на живот.

## Фекална канализација – село Бардовци

Жителите на село Бардовци со години се соочуваат со проблемот на недоволно развиена канализациска мрежа. Недостигот на соодветен систем за одведување на отпадните води создава сериозни потешкотии во секојдневното живеење и носи ризици по јавното здравје и животната средина.

Со овој проект ќе се изгради нова фекална канализација, која ќе обезбеди трајно и системско решение за отпадните води во дел од селото. Ќе бидат поставени нови цевководи и приклучоци, изведени по современи технички стандарди, кои ќе гарантираат безбедно и ефикасно одведување.

## Фекална и атмосферска канализација – ул. „1687“, Бардовци

Улицата „1687“ во Бардовци е еден од деловите каде што растот на населението и изградбата на нови домови ја наметна потребата од стабилна и модерна канализациска мрежа. Недостатокот на соодветен систем за одведување на отпадните и атмосферските води досега создаваше проблеми со хигиената, зачестено собирање на површински води и ризици за оштетување на инфраструктурата.

Со овој проект ќе се изгради комбиниран систем за фекална и атмосферска канализација, кој ќе обезбеди трајно решение за сите жители на овој дел од населбата. Планирано е поставување на нови цевководи, ревизионни шахти и приклучоци, како и соодветни технички решенија за безбедно одведување на атмосферските води при врнежливи периоди.

Инвестицијата има клучно значење за здравјето и квалитетот на живот на жителите. Таа ќе спречи задржување на нечистотии и поплави на улиците, ќе овозможи почиста животна средина и ќе го заштити просторот од дополнителни оштетувања.

Очекуваниот резултат е сигурна и современа канализациска мрежа што ќе ја подобри инфраструктурната слика на Бардовци и ќе создаде стабилна основа за понатамошен развој на оваа населба.

## Фекална канализација – вон УП, КО Бардовци

Во катастарската Општина Бардовци, надвор од постојните урбанистички планови, живее значителен број жители кои со години немаат пристап до организиран канализациски систем. Отпадните води во овие делови се решаваат со индивидуални и несоодветни решенија, што создава сериозни хигиенски предизвици и ризици за животната средина.

Со овој проект ќе се изгради нова фекална канализација која ќе го опфати токму овој дел од Бардовци, каде досега инфраструктурните зафати биле ограничени. Ќе се поставаат цевководи и приклучоци кои ќе овозможат приклучување на домаќинствата и сигурно одведување на отпадните води.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Економскиот развој е темел на секоја силна заедница. Без здрава економија нема стабилни семејства, нема нови можности за младите и нема сигурност за постарите. Во време на брзи промени и зголемена конкуренција, локалната власт мора да покаже далекувидост, храброст и практични решенија за да им обезбеди на граѓаните подобар животен стандард.

Карпош има потенцијал да стане економски мотор на Скопје – со развој на мали и средни претпријатија, со поддршка на претприемништвото кај младите, со создавање услови за домашни и странски инвестиции и со поттикнување на иновации. Локалната власт не смее да биде само администратор туку активен партнер на бизнисот и на граѓаните.

Нашата стратегија за економски силна општина почива на неколку клучни принципи: транспарентност, партнерство и одржливост. Тоа значи:

- создавање економски деловен центар што ќе им помага на фирмите во развојот и промоцијата,
- програми за поддршка на малиот и средниот бизнис преку обуки, работилници и настапи на пазари и саеми,
- проекти за преквалификација и доквалификација на невработените со цел да се задоволат реалните потреби на пазарот на труд,
- поттикнување на претприемачкиот дух кај младите и стимулирање на приватна иницијатива,
- соработка со домашни и меѓународни институции за инвестициски проекти,
- стимулации и субвенции за користење на обновливи извори на енергија и зголемена енергетска ефикасност.

Со ваков пристап, Карпош нема само да ги решава проблемите од денес туку ќе гради економија на иднината – отпорна, конкурентна и ориентирана кон човекот.

## ➤ Економски деловен центар – Карпош

Карпош има потреба од системски пристап за поддршка на локалната економија. Многу фирми, особено малите и средните, немаат капацитет за самостојно изработување на инвестициони проекти, деловни планови или маркетинг стратегии. Затоа општината ќе основа Економски деловен центар, кој ќе им помага на компаниите со стручни совети, обуки и менторство. Овој центар ќе обезбедува информации за достапни кредити, грантови и европски фондови, ќе помага при подготовка на апли-

кации и ќе овозможи размена на искуства со успешни компании од други земји.

Очекуваниот резултат е зголемена конкурентност на фирмите од Карпош, отворање на нови бизниси и вработувања, како и создавање на економска заедница што активно ќе соработува со општината.

## Програма за поддршка на мали и средни претпријатија

Малите и средните претпријатија се столб на локалната економија, но често се соочуваат со недостиг на ресурси и знаење. Општина Карпош ќе спроведе програма за нивна поддршка преку обуки, работилници и менторски програми, насочени кон модернизација на работењето и подобрување на конкурентноста.

Преку оваа програма фирмите ќе добијат можност за настап на домашни и меѓународни пазари и саеми, каде ќе ги промовираат своите производи и услуги. Со поддршка од Општината и донаторите, ќе се обезбедат средства за најперспективните компании.

Очекуваниот резултат е динамичен раст на малите и средни фирми, нови работни места и зголемен приход за општината и жителите.

## Проект за преквалификација и доквалификација на невработени

Најголемиот предизвик за невработените е несогласувањето помеѓу нивните вештини и реалните потреби на фирмите. Општина Карпош во партнерство со локалните компании и европски грантови, ќе спроведе програми за преквалификација и доквалификација.

Очекуваниот резултат е значително намалување на невработеноста и зголемување на квалитетот на работната сила.

## Млади претприемачи

Младите во Карпош имаат идеи, но често немаат поддршка за да ги реализираат. Овој проект ќе обезбеди обуки, менторство и финансиска помош за младите претприемачи кои сакаат да започнат сопствен бизнис.

Преку посебен фонд и партнерство со деловната заедница, ќе се стимулира приватната иницијатива и ќе се создадат нови можности за самовработување.

## Инвестициска платформа – соработка со домашни и меѓународни институции

За да се привлечат инвестиции, потребно е Карпош да стане видлив и подготвен партнер. Општината ќе воспостави Инвестициска платформа, преку која ќе се креираат партнерства со домашни и меѓународни институции, банки и инвеститори.

Проектот ќе опфаќа промоција на општината како атрактивна локација за мали производствени капацитети, ИТ-компании и услуги со висока додадена вредност. Ќе се

обезбедат и поволности за инвеститорите што ќе создаваат нови работни места.

## Програма за самовработување и отворање нови работни места

Невработеноста останува еден од најголемите предизвици за граѓаните на Карпош, особено за младите и ранливите категории. Со оваа програма, Општината ќе им даде конкретна поддршка на оние кои сакаат да започнат сопствен бизнис и да создадат нови работни места.

Очекуваните резултати од оваа програма се: отворање на нови микро и мали компании, креирање на нови работни места, намалување на невработеноста и поттикнување на претприемачки дух во општината. Со тоа, Карпош ќе стане средина која активно ја поддржува приватната иницијатива и самостојното вработување.

## Поддршка на локални бизниси преку ИПА-фондови

Општина Карпош ќе спроведе проект за искористување на европските ИПА-фондови со цел зајакнување на локалните бизниси и зголемување на нивната конкурентност на домашниот и меѓународниот пазар. Со оваа програма ќе се поддржат иновации, воведување на нови технологии, како и активности во културата, образованието и здравството кои директно придонесуваат за локален развој.

Очекуваните резултати се: зголемен број на успешни апликации за ИПА, привлекување нови инвестиции во локалната економија, подобрени капацитети за иновации и поголема поддршка за локалните фирми и институции кои ќе овозможат одржлив развој.

## Поддршка за занаетчиство и зелени мали бизниси преку проект „Чиста општина“

Со овој проект, Општина Карпош ќе ги поттикне занаетчиите и малите зелени бизниси преку нивно поврзување со системот за управување со отпад и создавање нови можности за приходи. Проектот има за цел да развие одржлива локална економија која ќе се базира на еко-иновации, повторна употреба на материјали и поддршка за занаетчиските вештини.

Очекуваните резултати се: создавање на нови извори на приходи за занаетчиите, развој на мали зелени претпријатија, значително намалување на количината на отпад и формирање на одржлива економија што ги поврзува локалните ресурси со еколошките вредности.

## СтартАп (StartUp) Карпош Хаб – инкубатор за иновации и Научно-технолошки парк

Карпош ќе стане новото средиште на претприемништвото и иновациите во Скопје. Со проектот **„StartUp Карпош Хаб“**, Општината ќе воспостави современ коворкинг простор и инкубатор наменет за млади претприемачи, иноватори и стартап компании.

Просторот ќе обезбеди модерни работни услови, пристап до експерти и ментори, како и можност за вмрежување и создавање нови партнерства.

Во рамки на хабот ќе функционира **финансиски инкубатор**, кој ќе поддржува нови бизниси преку грантови, партнерства и јавни конкурси. Стартапите ќе добијат бесплатна поддршка во првите три години, советување за пристап до ЕУ фондови и донаторски програми, како и организација на конференции, инвестициски форуми и работилници за размена на идеи. Општината ќе соработува со универзитетите, техничките факултети и бизнис-заедницата, со цел да се развиваат апликативни проекти и да се поврзе академијата со економијата.

Паралелно, Владата ќе ја поддржи изградбата на **Научно-технолошки парк во Скопје**, кој ќе се простира на површина од 1,8 хектари со 16 згради, канцелариски простор, лаборатории и зони за рекреација – вкупно 50.980 $м^2$. Новиот парк ќе биде центар каде стартапи, истражувачки тимови и мали и средни претпријатија ќе развиваат иновации во современа и креативна средина.

Очекувани резултати се зајакнување на локалниот претприемачки екосистем, појава на нови стартапи и иновативни компании, отворање на нови работни места, привлекување инвестиции и позиционирање на Карпош и Скопје како водечки центар за млади бизниси, технологија и креативна економија.

## Поттикнување на претприемништво кај младите

Општина Карпош ќе спроведе програма за развој на претприемачкиот дух, приватната иницијатива и самовработувањето кај младите. Преку оваа програма, младите ќе добијат знаења, алатки и практична поддршка за полесен пристап до пазарот на трудот и за започнување сопствен бизнис.

Очекувани резултати: подготвени млади за пазарот на трудот, зголемен број младински стартапи и приватни иницијативи, развиена мрежа на контакти и создавање нови можности за самовработување.

## Моја иновација – натпревар за програмери

Општина Карпош ќе организира натпревар за млади програмери со цел поттикнување на креативноста, иновативното размислување и развојот на нови апликации. Настанот ќе трае 2–3 дена и ќе вклучи учество на ИТ-компании, ментори и експерти кои ќе ги поддржат младите таленти во процесот на развој.

Очекувани резултати: создавање на нови апликации, афирмација на млади ИТ таленти, зголемена соработка меѓу програмерите и ИТ-компаниите, како и отворање можности за комерцијален развој и стартап иницијативи.

## Локална берза на човечки капитал

Општина Карпош ќе воспостави дигитална платформа за поврзување на компании и работна сила, со цел да се олесни вработувањето и да се искористи потенцијалот

на локалниот човечки капитал. Платформата ќе функционира како „локална берза на трудот", каде што работодавачите ќе објавуваат потреби за кадри, а граѓаните ќе имаат можност да аплицираат и да ги презентираат своите вештини и компетенции.

Очекувани резултати: зголемена вработливост на младите и невработените, подобро усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд, креирање нови можности за самовработување и зајакнување на локалната економија.

## Поддршка на жени претприемнички и лидерски проекти

Општина Карпош ќе воспостави програми за женско претприемништво, лидерство и родова рамноправност, со цел да се зајакне улогата на жените во локалната економија и општеството. Проектот ќе овозможи финансиска, образовна и менторска поддршка за жените кои сакаат да развијат сопствен бизнис или да преземат лидерски иницијативи.

Очекувани резултати: поголем број успешни жени претприемачи, видливи жени лидери во локалната заедница и воспоставување на јасни политики за родова рамноправност во Општината.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Општина што мисли на својата иднина мора да мисли на своите деца. Образованието е најголемата инвестиција што можеме да ја направиме – инвестиција која создава генерации што ќе бидат посилни, пообразовани и поспремни за предизвиците на иднината. Карпош мора да обезбеди услови во кои секое дете ќе учи во современо училиште, ќе има безбедна средина за развој и ќе добие еднакви можности за успех.

Во идниот период, нашата цел е да изградиме мрежа од модерни училишта и градинки што ќе ги задоволат реалните потреби на семејствата, да ги намалиме социјалните разлики меѓу децата и да обезбедиме инфраструктура која ќе биде и функционална и инспиративна. Родителите треба да бидат сигурни дека нивните деца се во добри раце, а учениците да чувствуваат дека се дел од средина која ги поддржува.

## ➤ Доградба и реконструкција на ООУ „Димо Хаџи Димов“

Во последната деценија, основното училиште „Димо Хаџи Димов“ стана еден од најоптоварените образовни објекти во Општина Карпош. Зголемениот број ученици доведе до користење на простории кои не се наменети за редовна настава, како и до пренатрупаност во постојните училници. Оваа состојба директно влијае врз квалитетот на наставата и удобноста на учениците и наставниците.

Оваа инвестиција има двоен ефект: од една страна ќе овозможи реални услови за воведување на едносменска настава, а од друга страна ќе го подигне стандардот на образовната средина. Учениците ќе учат во современи и безбедни услови, наставниците ќе добијат повеќе простор за квалитетна настава, а родителите сигурност дека нивните деца се во здрава и уредена средина.

Очекуваниот резултат е целосно растоварување на училиштето, подобри услови за наставен процес и создавање на современ модел на училиште кое ќе може да одговори на предизвиците на новото време.

## ➤ Доградба и реконструкција на ООУ „Петар Поп Арсов“

Во последните години, ООУ „Петар Поп Арсов“ се соочува со постојан раст на бројот на ученици. Постојните капацитети се веќе искористени до максимум, што доведува до пренатрупаност на одделенијата и ограничени услови за нормален наставен процес.

Проектот предвидува проширување и реконструкција на училиштето со нови училници и современо уредени санитарни јазли. Новите простории ќе бидат функционално поврзани со постојниот објект и ќе овозможат создавање на подобри услови за учење – повеќе простор, подобра организација и квалитетно наставно опкружување.

Очекуваниот резултат е училиштето „Петар Поп Арсов“ да добие нов квалитет – да стане простор кој не само што обезбедува знаење, туку и ја гарантира удобноста и достоинството на секое дете.

## ➤ Бесплатни униформи за учениците

Во основните училишта во Карпош постојат изразени социјални разлики кои често влијаат врз децата, нивната самодоверба и чувството на припадност. Недостигот на единствена политика за униформирање создава поделби и нарушува дисциплина во образовниот процес. Со овој проект, Општина Карпош ќе воведе бесплатни униформи за сите ученици во основните училишта. Униформите ќе бидат изработени по современи стандарди – удобни, практични и со квалитетни материјали, а дизајнот ќе се дефинира во консултација со училиштата и родителите. На тој начин ќе се почитуваат потребите на децата и ќе се обезбеди заеднички модел што ќе ја поттикнува еднаквоста.

Очекуваниот ефект од воведувањето на униформите е повеќеслоен: ќе се намалат социјалните разлики, ќе се зајакне чувството на заедништво, а училиштата ќе добијат уреден и дисциплиниран амбиент. Родителите ќе имаат сигурност дека нивните деца се дел од еднаква средина, а наставниците ќе работат во атмосфера со поголем ред и фокус на образовниот процес.

## ➤ Опремување на училишните кабинети

Со овој проект, Општина Карпош ќе спроведе целосно опремување на кабинетите по математика, физика, хемија, биологија, историја и географија во повеќето училишта во Карпош. Во секоја училница ќе се постават електронски табли, современи дидактички средства и опрема за практична настава, што ќе ја доближи наставата до современите стандарди.

Очекуваниот резултат е двоен: наставата ќе стане интерактивна и поефикасна, а учениците ќе добијат можност за креативно и практично учење кое ќе ги подготви за реалните предизвици на новото време. Наставниците ќе добијат алатки за современи методи на предавање, со што ќе се зголеми квалитетот на образовниот процес.

## ➤ Книги за библиотеките

Општина Карпош ќе обезбеди средства за набавка на нови книги, стручна литература и дигитални ресурси во сите општински училишта. Библиотеките ќе се збогатат со современи изданија, енциклопедии, лектири и дигитални алатки кои ќе им овозможат на учениците и наставниците да ја користат библиотеката како вистински центар на

знаење.

Очекуваниот резултат е двоен: ќе се подигне квалитетот на наставата преку пристап до современа литература, а учениците ќе добијат инспиративна средина за читање и истражување. На тој начин библиотеките ќе станат активни образовни и културни јадра во секое училиште.

## Бесплатни излети за учениците

Општина Карпош ќе обезбеди бесплатни излети за сите ученици од основните училишта. Излетите ќе бидат едукативни и културно-рекреативни, со внимателно избрана програма која ќе ги збогати знаењата на учениците за историјата, културата и природата, а воедно ќе поттикне дружење и развој на тимски дух.

Очекуваниот резултат е двоен: ќе се создадат еднакви можности за сите деца, без разлика на социјалниот статус, и ќе се изгради позитивно искуство кое ќе го зајакне чувството на заедништво и припадност.

## Карпош во Еразмус+

Општина Карпош ќе формира Канцеларија за подготовка и аплицирање на Еразмус+ -проекти, во која стручни тимови ќе им помагаат на училиштата во пишувањето, аплицирањето и менаџирањето на проектите. На тој начин ќе се создаде централизирана поддршка за сите образовни институции во општината.

## Инвестиции, почит и промоција на наставниците

Општина Карпош ќе инвестира во професионалниот развој на наставниците преку организирање курсеви и семинари за современи наставни методологии, дигитални алатки и меѓународни трендови во образованието, како и обезбедување програми за менторство и размена на добри практики. Истовремено, преку ЗЕЛС и во соработка со Министерството за образование и наука ќе се иницираат системски разговори за зголемување на платите и подобрување на условите за работа во училиштата.

Посебно внимание ќе биде посветено на афирмацијата на наставничката професија преку програмата „Промоција на успешен наставник“. Таа ќе овозможи препознавање и наградување на најпосветените и најиновативните наставници, доделување годишни признанија и медиумска промоција на добрите практики. Успешните наставници ќе бидат вклучени во обуки и менторски програми за своите колеги, со што нивното искуство ќе стане ресурс за целата заедница.

## Проект „Безбедно училиште“ – редари кај училиштата и градинките

Општина Карпош ќе воведе систем на редари кои ќе бидат присутни кај сите училишта и градинки. Нивната задача ќе биде да ја регулираат безбедноста на пешаците, да обезбедат смирен сообраќај во близина на образовните институции и да бидат

првата точка на контакт за учениците и родителите.

## Училишта на иднината

Општина Карпош ќе воведе смарт училници во основните училишта, опремени со таблети за учениците и дигитални табли за наставниците. На овој начин, наставата ќе стане поинтерактивна, поблиска до интересите на младите и во чекор со европските стандарди.

Очекуваниот резултат е да се модернизира наставниот процес преку користење на современи дигитални алатки, а учениците ќе бидат дополнително мотивирани за учење, истражување и креативност. Со истиот наставниците ќе добијат можност за поефикасно предавање и вклучување на иновативни методи во секојдневната работа.

## Општинска младинска банка на идеи

Општина Карпош ќе формира Младинска банка на идеи – фонд каде младите ќе можат да аплицираат со свои проекти во области како екологија, култура, иновации и општествен развој. Најдобрите предлози ќе добијат финансиска поддршка и менторство за нивна реализација.

Со реализација на истиот, младите ќе станат директни креатори на промени во заедницата, а општината ќе добие нови решенија и иницијативи кои ќе ја унапредат локалната средина. На овој начин се гради генерација која учи да презема одговорност и да создава позитивни промени.

## Поддршка за талентирани ученици

Општина Карпош ќе обезбеди системска поддршка за надарените ученици и нивните ментори, преку повеќе мерки:

- доделување на годишни награди и признанија за најуспешните,
- финансиска поддршка за учество на натпревари во земјата и странство,
- стипендии за најдобрите ученици и спортисти,
- обука и поддршка за наставниците-ментори кои работат со талентирани деца.

Очекуваниот резултат е да се зголеми мотивацијата и поддршката за развој на таленти, а учениците и наставниците ќе постигнуваат подобри резултати на национално и меѓународно ниво.

## Ранче за секое прваче

Општина Карпош ќе обезбеди ранче и основен училиштен прибор за секое прваче. Активностите ќе опфатат: набавка на квалитетни ранчиња и прибор, дистрибуција во сите основни училишта во општината, информирање на родителите и наставниците за користењето и симболиката на проектот како поддршка за најмладите ученици.

Очекуваниот резултат е децата полесно ќе се адаптираат на училишната средина со

чувство на припадност и поддршка, а семејствата ќе добијат финансиско олеснување во најважниот момент од образовниот пат на своите деца.

## Бесплатни излети за сите ученици

Општина Карпош ќе обезбеди бесплатни еднодневни излети за сите ученици од основните училишта. Излетите ќе бидат едукативни и културно-рекреативни, со внимателно избрана програма која ќе ги збогати знаењата на учениците за историјата, културата и природата, а воедно ќе поттикне дружење и развој на тимски дух.

Очекуваниот резултат е да се создадат еднакви можности за сите деца, без разлика на социјалниот статус, и ќе се изгради позитивно искуство кое ќе го зајакне чувството на заедништво и припадност.

## Бесплатно учење странски јазици за ученици од социјално загрозени семејства

Со овој проект, Општина Карпош ќе организира бесплатни курсеви по англиски, германски и француски јазик за ученици од семејства со ниски приходи. Наставата ќе се одвива преку квалификувани професори и во соработка со културни центри и амбасади кои ќе поддржат со ресурси и материјали.

Очекуваниот резултат е учениците од социјално загрозени семејства да добијат еднакви можности за учење и развој, а истовремено ќе се создадат предуслови за подобро образование, интернационализација и идно вработување.

## Обезбедување услови за практична настава во јавни и приватни институции

Општина Карпош ќе овозможи практична настава и обуки во јавните институции и приватните компании на локално ниво. Целта е младите да стекнат работни навики, да се вклучат во неформални форми на образование и да го зголемат своето искуство уште за време на школувањето. Општината ќе склучува партнерства со локални компании и институции за организирање на програми за пракса, менторство и краткорочни работни ангажмани.

Очекуваниот резултат е младите да станат поподготвени и поконкурентни за пазарот на трудот, а општината ќе придонесе кон создавање генерација која знае да ги примени своите знаења во практиката.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Современата општина не може да функционира со застарени методи. Во време кога секојдневно живееме поврзани преку мобилен телефон и интернет, граѓаните очекуваат и јавната администрација да биде на исто ниво на ефикасност и достапност. Редиците пред шалтерите, сложените административни постапки и недостигот на информации создаваат чувство на оддалеченост меѓу Општината и жителите.

Карпош мора да стане пример за дигитална трансформација. Тоа значи дека секој жител со еден клик ќе може да поднесе барање, да добие одговор или да следи во која фаза е неговата постапка. Дигитализацијата не е само модерна алатка – таа е начин да се покаже почит кон времето на граѓаните, да се намали бирократијата и да се зголеми транспарентноста.

Со воведување на апликацијата „МОЈ Карпош“ и со интегриран систем за мерење и јавно следење на квалитетот на воздухот, општината ќе стане отворена, блиска и функционална за сите. Тоа е иднината на локалната самоуправа – општина достапна 24 часа, секој ден во неделата.

## ➤ Широкопојасен интернет и бесплатни WiFi-зони

Во многу делови на Карпош пристапот до брз интернет е ограничен, што ја намалува поврзаноста на граѓаните и создава пречки за компаниите и младите. Недостигот на јавни WiFi-зони дополнително ја намалува атрактивноста на јавните простори.

Општина Карпош ќе инвестира во поставување оптички кабли при изградба или реконструкција на улици, со што ќе обезбеди широкопојасен интернет за сите домаќинства. Паралелно, ќе се воспостават бесплатни безжични интернет-зони на клучни јавни локации: кејот на Вардар, плоштад „Делфина“, парковите кај „Карпош 4“ и „Млечен ресторан“, просторот околу ТЦ „Лептокарија“ и ТЦ „Сити мол“, спортските игралишта и училишните дворови, централните делови на Тафталиџе и Влае.

Со реализација на проектот, Карпош ќе стане општина достапна и поврзана за сите, а јавните простори ќе бидат поатрактивни, функционални и пријателски за младите, студентите и компаниите.

## ➤ Дигитална општина – апликација „МОЈ Карпош“

Карпош ќе стане првата целосно дигитална општина во Македонија – со апликацијата „МОЈ Карпош“ како лична дигитална карта и интегрирана платформа за сите услуги. Модерна општина значи брзи, достапни и транспарентни услуги, без редици и хартија, достапни 24 часа дневно, секој ден во неделата.

Преку апликацијата граѓаните ќе можат да поднесуваат барања и документи, да из-

даваат уверенија, да ги следат своите предмети во реално време и да добиваат одговори најмалку 80% побрзо од сегашниот начин на функционирање. Секое поднесено барање ќе биде евидентирано и решавано во најкраток можен рок, со обврска за одговор во рок од 48 часа.

Во „МОЈ Карпош“ ќе биде вграден модул за брзо и анонимно пријавување на проблеми, со можност граѓаните да ја следат реакцијата на Општината во реално време. На овој начин, секој жител ќе стане активен партнер во уредувањето на јавниот простор, а секоја пријава ќе биде проследена до надлежните служби и транспарентно решена.

Апликацијата ќе понуди и целосна дигитализација на административните процеси со е-услуги без хартија, достапни 24/7. Ќе има интегриран систем за мерење и јавно следење на квалитетот на воздухот во реално време, отворена општинска веб-страница со пренос на советски седници и редовни известувања за јавни повици и локални настани.

Во рамките на апликацијата ќе биде интегриран и модулот **„Фит Карпош“**, наменет за унапредување на спортот и здравите навики. Тој ќе нуди информации за термини за користење на спортските сали, календар на активности, детали за турнири и јавни спортски настани, како и можност за групни пријави и тимско учество. Со овој модул младите и жителите ќе добијат модерен и лесно достапен начин да се вклучат во спортските содржини во Општината.

Како дел од платформата ќе функционира и граѓански сервис за брзи реакции – секое барање поднесено преку апликацијата, веб-страницата или бесплатната телефонска линија ќе биде евидентирано и проследено до надлежните служби. Граѓаните ќе добиваат повратна информација за статусот на своето барање во најкраток можен рок.

Со оваа интегрирана дигитална платформа, Општина Карпош ќе воспостави брза, ефикасна и отчетна комуникација со жителите, ќе ја зајакне довербата во локалната администрација и ќе покаже како изгледа современа општина што е навистина блиска и функционална за своите граѓани.

Како дел од дигиталните услуги на општината, ќе се воведе и модулот **„Итно копче“** – систем за итна поддршка на повозрасни и изнемоштени лица. Преку апликацијата „МОЈ Карпош“ или специјален уред, со едно притискање на копче ќе се активира поврзување со дежурен оператор и мобилен тим за интервенција. Овој сервис ќе обезбеди брза медицинска и психолошка помош, сигурност во домот и чувство на заштита за најранливите жители.

## Проект „Нема погрешна врата“

Со проектот „Нема погрешна врата“, Општина Карпош ќе воведе правило секој вработен да има обврска да му помогне на граѓанинот, без оглед каде прво се обратил. Дополнително, ќе се воспостават дигитални алатки за внатрешно пренасочување на барањата, со цел секоја служба ефикасно да го процесира предметот или да го насочи кон соодветната институција.

Овој систем ќе обезбеди поедноставени постапки, намалување на бирократските бариери и значително зголемување на ефикасноста и довербата во општинската администрација.

## ➤ Бесплатна правна помош – „Електронски правен инфоцентар"

Општина Карпош ќе воспостави електронски правен инфоцентар, преку кој граѓаните ќе можат да добијат бесплатни совети, насоки за поднесување барања и упатување до надлежните институции. Услугата ќе биде достапна онлајн, со можност за брза комуникација преку веб-платформа или мобилна апликација.

Проектот ќе обезбеди правична и еднаква поддршка за сите жители на Карпош, зголемувајќи ја правната сигурност и довербата во институциите.

## ➤ Интерактивна веб-мапа

Општина Карпош ќе воспостави интерактивна веб-мапа, достапна за сите граѓани и туристи. Преку оваа алатка ќе бидат прикажани велосипедските и пешачките патеки на Водно, јавните површини, спортските терени, културните институции и настани, како и камери на најфреквентните локации за зголемена безбедност и информираност.

Оваа дигитална мапа ќе ја направи Општината поотворена и транспарентна, а движењето низ Карпош ќе стане полесно, поатрактивно и попријатно и за жителите и за туристите.

## ➤ Електронска и интерактивна огласна табла

Општина Карпош ќе постави **електронска и интерактивна Огласна табла** на видно и пристапно место пред општинската зграда, каде граѓаните секојдневно ќе можат да ги следат сите информации поврзани со општината. Таблата ќе биде дигитална, лесно ажурирана и транспарентна, со можност за објавување на седници, јавни расправи, културни и спортски настани, како и други важни известувања.

Интерактивната табла ќе овозможи граѓаните директно да пребаруваат информации и да пристапуваат до календар на настани, најави и општински одлуки. Со тоа ќе се обезбеди брз, сигурен и централизиран пристап до информации, што ќе ја зголеми информираноста и вклученоста на жителите во јавниот живот на Општината.

## ➤ Дигитална општина

Со овој проект, ќе се воспоставaт opendata системи, дигитални платформи за услуги и автоматизација на административни процеси, со цел да се обезбеди побрза, поефикасна и потранспарентна услуга за граѓаните и бизнисите.

Проектот ќе овозможи администрацијата да работи поефикасно, со зголемена отчетност и достапност на услугите 24/7, што директно ќе ја подобри комуникацијата меѓу Општината и жителите.

## VR -Карпош – виртуелна општина

Општина Карпош ќе воведе иновативен проект „VR-Карпош“, преку кој ќе се овозможат виртуелни прошетки низ општината, училиштата, парковите и идните инфраструктурни проекти.

Оваа дигитална алатка ќе им овозможи на граѓаните и инвеститорите да добијат реална и интерактивна претстава за јавните простори и планираните инвестиции. Виртуелната општина ќе биде достапна преку веб-платформа и мобилна апликација, со цел полесна промоција на Карпош како современа, транспарентна и отворена општина.

Проектот ќе обезбеди иновативен начин на информирање, подобра промоција на Општината и зголемена привлечност за инвеститорите и жителите.

## Систем за пријавување проблеми 24 часа

Општина Карпош ќе воведе мобилна апликација и веб-платформа преку кои граѓаните во секое време од денот ќе можат да пријават комунален или урбан проблем – оштетен тротоар, улично осветлување, депонија, сообраќаен знак или друг јавен дефект.

Секоја пријава ќе биде евидентирана и ќе се распределува до надлежната служба со обврска на Општината да реагира во рок од 24 часа. Граѓаните ќе можат да ја следат состојбата на пријавата во реално време и ќе добијат известување кога проблемот е решен.

Овој систем ќе обезбеди брза интервенција, поголема отчетност и непосредна комуникација меѓу граѓаните и општинската администрација, што директно ќе ја подобри урбаната средина и квалитетот на живеење.

## Граѓански сервис „Поблиску до вас“

Општина Карпош ќе воспостави нови надворешни одделенија на повеќе локации во општината со цел граѓаните да добиваат услуги побрзо, поефикасно и без потреба од долги чекања во централната општинска зграда.

Преку овој сервис, жителите ќе можат да поднесуваат барања, да добиваат уверенија, да вршат плаќања и да добиваат информации во својата локална заедница. Дополнително, дел од услугите ќе бидат дигитализирани и поврзани со централниот систем на Општината за поголема ефикасност.

Проектот ќе обезбеди побрз пристап до општинските услуги, намалени трошоци и време за граѓаните, како и поефикасна работа на администрацијата.

## Буџет отворен за граѓаните

Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави целосно транспарентен систем на управување со буџетот, кој ќе им овозможи на жителите директен увид и активно учество во буџетските процеси.

Активностите ќе опфатат јавен повик за предлози од граѓаните, редовно објавување на буџетот и ребалансите на веб-страницата на општината, како и јавно следење на реализацијата на проекти и трошоци преку интерактивна онлајн платформа.

Со реализација на проектот ќе се постигне поголема доверба меѓу граѓаните и Општината, зголемена отчетност на институциите и активно вклучување на јавноста во носењето одлуки за трошењето на јавните средства.

## Карпош ИТ-хакатон

Општина Карпош ќе организира годишен ИТ-хакатон со цел поттикнување на младите таленти, стартапи и иноватори да развијат практични дигитални решенија за потребите на заедницата.

Настанот ќе трае 48 часа и ќе вклучува тимови од ученици, студенти, ИТ-компании и индивидуални програмери кои ќе работат на конкретни предизвици – апликации за е-услуги, решенија за урбана мобилност, системи за заштита на животната средина и алатки за подобра комуникација меѓу граѓаните и Општината.

Најдобрите идеи ќе бидат наградени со финансиска и менторска поддршка, а Општината ќе обезбеди можност за примена на најуспешните решенија во реалното функционирање на Карпош.

Проектот ќе обезбеди развој на иновации, афирмација на младите ИТ-таленти, зголемена соработка меѓу Општината и бизнис-заедницата и практични дигитални решенија за жителите.

## Е-седници на Совет

Ќе се воведат електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Советниците ќе имаат електронски пристап до материјалите, дневниот ред и записниците, со можност за учество, гласање и дискусија онлајн. Секој запис ќе биде документиран и достапен за јавноста, а ќе се воспостави и електронски Службен гласник на Општината како официјално дигитално место за објавување на сите акти и одлуки.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ – ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот не е само натпревар, туку и воспитување, здравје и стил на живот. Тој ја гради дисциплината, го поттикнува тимскиот дух и создава здрава генерација која знае да се носи со предизвиците. Преку спортот децата учат за дисциплина, посветеност и тимска работа, младите ја насочуваат својата енергија кон позитивни цели, а возрасните добиваат алатка за подобро физичко и ментално здравје. Токму затоа спортот претставува една од најважните алки за создавање здрава и силна општина.

Карпош отсекогаш имал традиција на млади таленти и спортски клубови, но за да се развиваат тие потенцијали потребна е системска поддршка и инвестирање во спортската инфраструктура.

Нашата визија е да ја претвориме општината во вистински центар на спортот – место каде што младите ќе имаат услови да тренираат и напредуваат, а сите жители ќе можат да уживаат во спортот и рекреацијата. Со зголемено финансирање на клубовите, особено за младинските категории, со стимули за учество на меѓународни турнири и со отворање на нови спортско-забавни содржини, Карпош ќе стане општина што дише со спорт и го живее спортот секој ден.

Карпош има традиција на спортски клубови, на таленти кои освојувале медали и на генерации кои растеле со спорт. Но денес, пред нас стои предизвикот таа традиција да ја унапредиме, да ја поддржиме со нова енергија и со современи услови кои ќе овозможат идни успеси. За таа цел, потребна е системска поддршка – инвестиции во модерна инфраструктура, повеќе содржини за рекреација, финансиска и организациска помош за клубовите, но и создавање стратешка визија која ќе го интегрира спортот во секојдневниот живот на Општината.

Во периодот 2025–2029 година, спортот во Карпош ќе биде третиран како долгорочна инвестиција, а не како трошок. Затоа што секој денар вложен во спорт значи десеткратно поголеми здравствени и социјални придобивки во иднина. Со тоа ќе создадеме здрава генерација, ќе поттикнеме спортски туризам и ќе ја зајакнеме локалната економија. Но најважно – ќе изградиме заедница која дише заедно, трча заедно и победува заедно.

## ➤ Изградба на спортска сала – ООУ „Димо Хаџи Димов“

Проектот за изградба на спортска сала ќе донесе современ објект со комплетна инфраструктура: терен со стандарден спортски паркет, соблекувални, санитарии и трибини за публика. Салата ќе биде наменета не само за часовите по физичко об-

разование, туку и за тренинзи, училишни турнири и културно-спортски настани на заедницата.

Оваа инвестиција има посебно значење бидејќи го подигнува квалитетот на воспитно-образовниот процес, создава простор каде што децата ќе растат здраво и активно, и овозможува училиштето да стане центар за спорт и дружба и надвор од редовната настава.

Очекуваниот резултат е изградба на функционална и безбедна спортска сала која ќе служи и на учениците и на локалната заедница, носејќи нова енергија и можности за младите генерации.

## Изградба на спортска сала – ООУ „Братство“

Со изградбата на нова спортска сала, училиштето конечно ќе добие простор што ќе ги задоволи потребите на современото образование. Салата ќе биде изградена според сите стандарди – со терен за повеќе спортови, соблекувални, санитарни јазли и придружни простории. Покрај тоа, ќе овозможи одржување на натпревари, спортски приредби и активности кои ќе го збогатат училишниот живот.

Оваа инвестиција нема да значи само простор за физичко образование, туку и ново место за социјализација и здрава забава за учениците. Таа ќе им овозможи да развиваат тимски дух, дисциплина и љубов кон спортот, додека истовремено училиштето ќе стане отворено и за пошироката заедница за разни спортски и културни активности.

Очекуваниот резултат е дека ООУ „Братство“ ќе прерасне во вистински центар на спорт и заедништво, каде што учениците ќе растат со здрави навики и силна мотивација за успех.

## Изградба на две повеќенаменски спортски игралишта

Во одредени делови од Карпош недостигаат современи спортски терени кои ќе бидат достапни за сите генерации. Недостатокот на ваква инфраструктура го ограничува развојот на младите и ги лишува граѓаните од можност за секојдневна рекреација и здрави навики.

Со овој проект, Општина Карпош, во соработка со ЕБРД, ќе изгради две повеќенаменски спортски игралишта: кај ООУ „Петар Поп Арсов“ во Карпош 4 и кај ООУ „Вера Циривири-Трена“. Игралиштата ќе бидат целосно опремени за фудбал, кошарка и ракомет, со современа подлога, осветлување и заштитна ограда.

Овие терени ќе бидат достапни за користење деноноќно и ќе станат центри на спортот, дружењето и превенцијата од пороци кај младите, како и простор за семејна и заедничка рекреација.

## Изградба на мини голф-терен

Изградба на современ мини голф-парк со тематскипатеки со различна тежина, изработени со квалитетна и безбедна подлога. Проектот опфаќа и поставување надекоративно и безбедносно осветлување за вечерна игра, урбана опрема (клупи, летниковци, корпи за отпадоци), зеленило и уреден пејзаж, фонтана и мини сцена занастани, детски катче со интерактивни реквизити, просторза одмор и пикник.

## Карпош Картинг-стаза

Проектот предвидува изградба на модерна картингпатека по европски стандарди, со сите потребнибезбедносни стандарди. Патеката ќе вклучува зона заадреналински картинг трки, урбана опрема и модернасервисна и техничка гаража. Со ова, Карпош ќе добие прваевропска урбана картинг атракција, погодна за тренинг, рекреација и организирање на регионални натпревари.

## Воведување на час по пливање и шах

Со овој проект, Општина Карпош ќе воведе редовни часови по пливање и шах за учениците од основните училишта. Пливањето ќе придонесе за физичко здравје и моторичка координација, додека шахот ќе го стимулира логичкото размислување и трпението.

Овој пристап ќе обезбеди развој на животни вештини кај децата и ќе ја зајакне спортската и интелектуалната култура во Општината.

## Уредување на училишни дворови и градинки

Со проектот ќе се изврши разубавување и уредување на училишните дворови и градинки со современи спортско-рекреативни зони, зеленило и забавни реквизити. Просторите ќе бидат прилагодени за сите возрасти и достапни за секојдневна употреба.

Оваа инвестиција ќе создаде сигурна, весела и креативна средина за децата и младите.

## Спортско-здравствена контрола за учениците

Здравјето на младите е предуслов за нивниот правилен раст и развој. Во моментов нема системска контрола што следи антропометриски параметри кај учениците.

Со овој проект ќе се воспостави систем за спортско-здравствена контрола, кој ќе опфаќа редовни медицински прегледи, мерења и насоки за подобрување на физичкиот развој.

Оваа мерка ќе обезбеди рано откривање на проблеми, превенција и насочување кон здрави животни навики.

## Модернизација на спортска опрема во училиштата

Со овој проект ќе се изврши целосно обновување и модернизација на спортската опрема и реквизити за физичко образование. Ќе се набават нови топки, мрежи, справи, душеци и останати средства што ќе овозможат квалитетни часови и натпревари.

Овој проект ќе го подигне нивото на спортската настава и ќе создаде подобри услови за учениците.

## Училишен спорт за сите ученици

Општина Карпош ќе овозможи ослободување од финансиска партиципација за членување во училишните спортски клубови. На тој начин, секој ученик ќе има подеднаква шанса за спортско вклучување.

Очекувани резултати се зголемена масовност, повеќе активни деца и развој на здрави навики уште од најмала возраст.

## Финансирање на училишните спортски клубови

Општина Карпош ќе обезбеди системско финансирање за училишните спортски клубови, со средства за опрема, натпревари и тренери.

Оваа инвестиција ќе придонесе за континуирано функционирање на клубовите и поголема мотивација кај учениците.

## Велосипедски полигон во училишни дворови

Со овој проект ќе се изградат велосипедски полигони во училишните дворови, каде учениците ќе учат безбедно возење, сообраќајна култура и ќе се натпреваруваат во спортски активности.

Овој проект ќе придонесе за физички развој и воспитување на деца со поголема еколошка и безбедносна свест.

## Забавни игри за најмладите

Со овој проект ќе се воведат забавни игри и програми за најмладите ученици и деца во градинките, со цел преку игра да ја подобрат координацијата, моториката и физичката издржливост.

Оваа мерка ќе овозможи правилен физички развој, рана подготовка за спортови и создавање на здрави навики од најмала возраст.

## Финансиска поддршка за спортско-рекреативни проекти

Со проектот, Општина Карпош ќе обезбеди финансиско потпомагање за спортско-рекреативни проекти преку јавни повици. Средствата ќе се доделуваат на најдобрите идеи кои промовираат здрав живот, масовност и спортски активности достапни за сите граѓани.

Очекувани резултати се зголемено учество на граѓаните во спортот и збогатување на локалната спортска понуда.

## Нови велодроми и скејт-паркови во новиот Парк 1020

Со проектот ќе се изградат нови велодроми и скејтпаркови, со современи стандарди и безбедносни услови. Тие ќе станат места за адреналински спортови, дружење и рекреација на младите, со што ќе се поттикне активен и здрав начин на живот.

Овој проект ќе ја зголеми атрактивноста на општината, ќе ја збогати спортската инфраструктура и ќе понуди нови содржини за сите генерации.

## Промоција на здрав живот и активно граѓанство

Со овој проект, Општина Карпош ќе развие кампањи и програми за промоција на здрав живот и активно граѓанство, преку спорт, рекреација и заеднички активности.

Очекувани резултати се зголемено учество на граѓаните во спортски и рекреативни активности, подобрување на здравјето на населението и справување со длабоко вкоренети социјални проблеми преку позитивен и активен начин на живот.

## Големи спортски настани и инфраструктура со меѓународни стандарди

Со проектот ќе се инвестира во изградба на спортски објекти со меѓународни стандарди и организирање на големи мултиспортски настани, кои ќе носат национално признание и ќе ја зајакнат улогата на Карпош како спортски бренд.

Овие активности ќе придонесат за:

- Јакнење на идентитетот на граѓаните преку препознавање на Карпош како лидер во спортот.
- Создавање туристички приходи преку посетители и учесници на големи спортски настани.
- Социјална и економска регенерација преку нови спортски центри и зголемени инвестиции во заедницата.
- Подигање на духот на општината и државата, градејќи самодоверба и чувство на припадност кај сите граѓани.

Овој проект ќе ја позиционира Општина Карпош како двигател на спортот и пример за интеграција на спортот со економскиот и општествениот развој.

## Реконструкција на спортско-рекреативниот центар „Бардовци“

Општината ќе изгради нови трибини со гардероби, ќе ја реконструира подлогата и опремата за кошаркарското и ракометното игралиште.

Со овој проект ќе се создаде современ спортско-рекреативен центар кој ќе биде на располагање за сите жители на Бардовци и пошироко.

## Реконструкција на ракометното игралиште во Злокуќани

Со проектот ќе се изврши целосна реконструкција – нова подлога, поставување голови и кошови, како и нова ограда.

Ова ќе овозможи младите од Злокуќани да спортуваат во безбедни и современи услови.

## Реконструкција на игралиштата во Влае

Општината ќе изврши реконструкција на ракометното и двете кошаркарски игралишта, заедно со детското игралиште. Ќе се постави нова подлога, кошеви и реквизити.

Ова ќе го врати спортот и рекреацијата како главна активност во Влае.

## Статични реквизити во училишни дворови

Ќе се постават статични метални реквизити за вежбање во сите училишни дворови, како што веќе се поставени на кејот на Вардар.

Со ова децата ќе имаат можност за дополнителна физичка активност секојдневно.

## Турнири во урбаните заедници

Општината ќе организира турнири во мал фудбал, кошарка, шах и табла, посветени на значајни датуми за Карпош.

Овие турнири ќе ја зајакнат заедницата и ќе поттикнат активно учество на сите возрасни групи.

## Планинарски тури и рекреативни зони

Општината ќе организира планинарски тури од Нерези до Св. Пантелејмон и Св. Илија, ќе изгради тартан-патека за трчање покрај Вардар, тартан-патеки во училишните кругови и фитнес-зони во секоја населба.

Овој проект ќе создаде култура на здраво живеење и масовна рекреација.

## Спорт и инклузија

Децата со посебни потреби ретко имаат можност да учествуваат во спортски активности, поради недоволни програми и недостапна инфраструктура.

Општина Карпош ќе организира посебни програми за физичка активност во училишните сали и покриениот базен, со цел вклучување и на овие деца во спортот.

Проектот ќе поттикне еднаквост и инклузија во спортските активности.

## Спортско-рекреативна зона на кејот

Општина Карпош ќе воспостави спортско-рекреативна зона долж двата брега на Вардар, со нови патеки за трчање, велосипедизам и ролери, како и фитнес-зони на отворено. Просторот ќе биде осветлен и уреден со клупи, зеленило и современа урбана опрема.

Овој проект ќе го претвори кејот во најголема рекреативна артерија на Општината и ќе ја зголеми неговата атрактивност за сите возрасни групи.

## „Карпош Актив" – програма за масовна рекреација

Со проектот „Карпош Актив", Општината во партнерство со спортски клубови и граѓански организации ќе организира бесплатни програми за масовна рекреација – аеробик, јога, пилатес и фитнес на отворено. Наставата ќе се одвива во парковите, училишните дворови и спортските зони, со професионални инструктори и редовен распоред.

Овој проект ќе поттикне активен и здрав начин на живот, ќе ја зголеми масовноста во спортот и ќе го зајакне заедништвото преку заеднички активности на отворено.

## Спорт за сите генерации

Со проектот „Спорт за сите генерации", Општина Карпош ќе развие инклузивна спортска инфраструктура и активности:

- парк-теретани и пешачки клубови за сениори,
- инклузивни спортски активности за лица со попреченост,
- рекреативни спортски програми специјално наменети за жени.

Овој проект ќе овозможи спорт за сите категории жители, без исклучок, зајакнувајќи ја социјалната кохезија и создавајќи здрава и активна заедница.

## Карпош Спортски викенд

Со проектот „Карпош Спортски викенд" ќе се воспостави годишна традиција на викенд посветен на спорт и забава, кој ќе вклучува: масовни натпревари, рекреативни трки, велосипедски паради, турнир во улична кошарка и детски игри.

Овој проект ќе создаде нова спортска традиција во урбан контекст, ќе изгради заедништво меѓу граѓаните и ќе промовира здрави навики кај сите генерации.

## Карпош рекреативна картичка

Со проектот „Карпош Рекреативна картичка", Општината ќе воведе општинска картичка која ќе овозможи бесплатен или субвенциониран пристап до базени, теретани, спортски клубови и рекреативни програми.

Оваа иницијатива ќе обезбеди системска поддршка за сите жители да се вклучат во

спортот, со посебен акцент на социјална еднаквост и здрав начин на живот.

## Спорт + здравје

Со проектот „Спорт + Здравје", Општина Карпош во партнерство со здравствени домови ќе организира бесплатни кардиолошки и ортопедски прегледи, како и совети за исхрана и превенција од спортски повреди.

Ефектот ќе биде поврзување на спортот со здравјето како целина, со што се подига довербата кај родителите и возрасните, а младите добиваат сигурност дека спортските активности се поддржани со професионална грижа.

## Фитнес на отворено – нови справи за вежбање

Општина Карпош ќе изгради фитнес-зони на отворено со современи справи за вежбање, достапни за млади, возрасни и сениори. Ќе се изврши реновирање и уредување на јавните простори и парковите, со дополнителна урбана опрема (клупи, осветлување, патеки).

Паралелно ќе се организираат спортски настани и едукативни кампањи за здрав начин на живот, во соработка со фитнес-инструктори и здруженија.

Очекуваните резултати се:

- зголемена физичка активност кај граѓаните,
- подобренојавноздравје,
- создавање на поатрактивни и функционални јавни простори.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Општина што се грижи за својата иднина е општина што е чиста, зелена и енергетски ефикасна. Чистотата и зеленилото не се луксуз, туку основно право и потреба на секој граѓанин. Уредените улици, современото управување со отпад и заштитата на животната средина се темел за здрава заедница и за доверба меѓу жителите и институциите. Карпош мора да биде пример каде загадувачите носат одговорност, а јавните простори секојдневно се одржуваат и уредуваат.

Истовремено, зеленилото е белите дробови на градот. Карпош има потенцијал да стане најзелената општина во Скопје, со нови паркови, пошумени површини, вело-патеки и современи системи за наводнување. Жителите заслужуваат маала со свеж воздух и урбани оази каде што ќе можат да се одморат, рекреираат и да живеат поквалитетно.

Со комбинација на одговорно управување со отпадот, вложувања во нови паркови и ревитализација на постоечките зелени површини, како и со примена на енергетски ефикасни решенија, ќе се создаде општина која не само што ќе биде почиста и поубава, туку и поекономична и поодржлива.

## „Чисти улици секој ден“

Чистите улици и јавни простори се огледало на една уредена и современа општина. Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави јасни маршути и редовен распоред за секојдневно чистење и миење на улиците. За реализација ќе бидат ангажирани дополнителни служби со современа механизација, кои ќе обезбедат повисоко ниво на урбана хигиена. Покрај тоа, ќе се формираат зелени екипи задолжени за редовно чистење на парковите, зелените површини и пешачките зони, со цел опфатот на хигиената да биде целосен и континуиран.

Дополнително, граѓаните, преку апликацијата „Мој Карпош“, ќе имаат можност директно да пријавуваат нечистотии и нерегуларности, а општината ќе биде обврзана брзо да реагира.

Целта е да се воспостави системска, а не кампањска грижа за хигиената, со што Карпош ќе стане пример за чист и уреден градски простор.

## Строга контрола и нулта толеранција кон загадувачите

Со цел да се заштити животната средина и да се воспостави ред во урбаното живеење, Општина Карпош ќе воведе редовни инспекциски надзори и ќе спроведе строга политика на казни за загадувачите и создавачите на диви депонии.

Проектот предвидува поставување на камери на критични точки низ општината, како и формирање на брзи еко-патроли кои ќе реагираат веднаш по пријава. Секој прекршок ќе биде санкциониран согласно законот, без исклучоци и толеранција.

Со овој проект, Карпош ќе стане пример за општина со јасни правила, строга контрола и високи еколошки стандарди.

## Карпош хајкинг делта

Општина Карпош ќе воспостави рекреативна зона долж подножјето на планината Водно. Комплексот опфаќа мрежа на велосипедтски и пешачки патеки од 3 или 4 стартни појдовни точки до комплексот Македонско село.

Проектот предвидува изградба на велосипедски патеки, пешачки рути, летниковци и рекреативни зони, како и пошумување со најмалку 10 000 нови садници.

Со реализација на проектот, Карпош ќе добие ново белодробно зеленило, повеќе јавни простори за активен живот, а жителите ќе имаат можност за здрави и безбедни активности во природна средина.

## Проект „Два нови парка за Карпош“

Во следниот период, Општина Карпош ќе изгради два големи современи парка на различни локации во општината, кои ќе станат нови центри за рекреација, забава и општествен живот.

Со реализација на овој проект, Карпош ќе добие значително зголемување на зелените површини, повисок квалитет на живот и урбан развој во согласност со европските стандарди.

## Капка по капка – зелено маало

Со цел долгорочно и одржливо одржување на постоечкото зеленило, Општина Карпош ќе спроведе ревитализација на блоковските зелени површини преку поставување нови бунари и современи системи за наводнување „капка по капка“.

Овој систем ќе овозможи рационално користење на водата, ќе ги намали трошоците за одржување и ќе обезбеди свежо и здраво зеленило во текот на целата година. Со тоа ќе се подобри квалитетот на јавните површини и урбаната екологија, а жителите ќе имаат почиста, поубава и пофункционална средина.

## Строга контрола и казни за загадувачи

Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави систем за контрола преку мобилни инспекциски тимови и видео-надзор на критичните точки. Секое прекршување ќе биде регистрирано и за загадувачите ќе се изрекуваат строги казни без исклучок.

На овој начин ќе се стави крај на неказнивоста и ќе се воспостави ред и одговорност во однесувањето кон јавниот простор, со што Карпош ќе стане почиста и поуредна општина.

## Ревитализација на блоковско зеленило

Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави системи за наводнување „капка по капка“ и ќе постави нови бунари за одржување на тревниците и садниците. Дополнително, ќе бидат засадени нови дрвја и украсни растенија, кои ќе ја оживеат средината и ќе придонесат за почист и поздрав воздух.

Проектот ќе ја врати убавината на маалата, ќе создаде повеќе пријатни зелени оази за жителите и ќе ја зголеми еколошката вредност на Општината.

## Санација и ремедијација на контаминирани подрачја

Во зоната Нерези–Лепенец, како и кај депонијата во Карпош 4, постојат сериозни еколошки ризици што ја загрозуваат безбедноста на подземните води и здравјето на жителите.

Со овој проект, Општина Карпош ќе спроведе санација и ремедијација на контаминираните подрачја, со цел целосно отстранување на загадениот материјал и изградба на нов парк на местото на старата депонија.

Проектот ќе придонесе за создавање на чиста и безбедна животна средина, подобра заштита на водните ресурси, како и за формирање на нова зелена јавна површина достапна за сите граѓани.

## Уредување на кејот на Вардар (од мост „Обединети нации“ до хотел „Александар Палас“)

Со проектот ќе се изградат нови пешачки патеки, зелени површини и урбана опрема по целата должина на левата страна од кејот, додека на десната страна ќе се изврши доуредување и воспоставување на редовно одржување.

Кејот ќе стане едно од најатрактивните места за рекреација, спортување и дружење на жителите, со што Карпош ќе добие современо уреден и функционален јавен простор.

## Уредување на просторите покрај реката Лепенец

Дивите депонии долж реката Лепенец со години претставуваат извор на загадување, здравствени ризици и еколошка деградација. Просторот, наместо да биде место за рекреација и спорт, останува запоставен и неискористен од граѓаните на Карпош.

Со овој проект, Општина Карпош ќе спроведе целосна дислокација и санација на сите диви депонии и ќе го претвори просторот во уредена зелена зона. Ќе се оформат нови тревни и парковски површини, пешачки и велосипедски патеки, како и современа урбана опрема – клупи, осветлување и летниковци.

Во рамки на уредувањето, ќе се изградат современ мини голф терен со тематски патеки и модерна картинг патека по европски стандарди, со што Лепенец ќе добие уникатна спортско-рекреативна и забавна зона. Овие содржини ќе го збогатат општинскиот живот, ќе привлечат посетители и ќе создадат нови можности за млади-

те, семејствата и туристите.

На овој начин, реката Лепенец и нејзиното опкружување ќе се трансформираат во современ простор што комбинира спорт, рекреација и забава. Проектот ќе овозможи намалување на загадувањето, подигнување на квалитетот на животната средина и создавање на нов урбан бренд на Карпош.

## Уредување на кејот на Вардар (од ТВ „Канал 5" до „Хубо маркет")

Со овој проект, Општина Карпош ќе изврши целосно хортикултурно уредување, со ново зеленило, тревни површини и дрвореди, како и поставување на урбана опрема – клупи, корпи за отпадоци и осветлување. Ова уредување ќе овозможи поголема поврзаност на жителите со реката Вардар и ќе создаде нов јавен простор за спорт, рекреација и семејни прошетки, со што ќе се зголеми квалитетот на урбаното живеење во овој дел од Општината.

## Изградба на нови зелени скверови

Општина Карпош ќе изгради повеќе нови зелени скверови на различни локации, секој со плански хортикултурни решенија и соодветна урбана опрема – клупи, фонтани, осветлување и декоративни елементи. Скверовите ќе бидат прилагодени на специфичните потреби на секоја населба, со цел да се создадат функционални и пријатни јавни простори.

Ова ќе придонесе за позелена општина, почист воздух и поквалитетна урбана средина, со повеќе места за одмор, дружење и семејни активности.

## Еко-зони и пошумување

Општина Карпош ќе воспостави нови еко-зони и пошумени делови во населбите и долж кејот, преку засадување на дрвја и украсни растенија. За нивно одржување ќе се постави систем за наводнување „капка по капка" и прскалки со вода обезбедена од бунарски бушотини, со што ќе се гарантира рационално користење на ресурсите и постојана свежина на зеленилото.

Проектот ќе придонесе за значително зголемување на зелените површини, почист воздух и поздрава животна средина, како и за создавање на нови простори за рекреација и одмор на граѓаните.

## „Чист Карпош" – комунална поделба по маала и „човек улица"

Чистотата и уредувањето на јавните простори најдобро функционираат кога одговорноста е јасно распределена и секој граѓанин знае кому да се обрати. Опшштина Карпош ќе воведе нов модел на локално управување со хигиената – комбинација од комунални екипи по маала и личен „човек улица".

Со проектот, секое маало или урбана единица ќе има своја комунална екипа задолжена за секојдневно собирање отпад, уредување на паркови и зелени површини, сле-

дење на квалитетот на воздухот и општа хигиена. Во исто време, секоја улица ќе има свој назначен чистач – „човек улица“, кој секојдневно ќе биде присутен и ќе го знаат жителите.

Овој систем ќе воспостави директна одговорност и личен контакт меѓу граѓаните и комуналните служби. Секој жител ќе знае кој е „својот човек“ за хигиената во соседството, а воедно ќе постои и цела екипа која стои зад него за поголеми интервенции и редовно одржување.

Очекуваниот ефект е почисти и поуредени маала, видлива отчетност и зголемена доверба во општинските служби. „Човек улица“ ќе стане препознатливо лице на секое соседство, а комуналните екипи ќе обезбедат систематска и континуирана грижа. Со ова, Карпош ќе воспостави модел на современо и блиско локално управување со комуналните услуги, кој може да биде пример за целата држава.

## Канти за миленици

Сè повеќе семејства во Карпош имаат миленици, што носи и зголемена одговорност за чистотата на јавните простори.

Со овој проект, Општина Карпош ќе постави специјални канти со кеси за отпад од миленицина секои неколку улици и во сите паркови. Канти ќе бидат јасно обележани и функционално поставени, за да се охрабрат сопствениците на миленици редовно да го собираат отпадот.

Оваа иницијатива ќе придонесе за почисти улици и паркови, намалување на непријатностите и поголема хигиена, со што ќе се покаже почит кон сите жители – и оние со миленици и оние без.

## Зелени дворови и блоковско зеленило – заедничка грижа со граѓаните и пензионерите

Проектот предвидува субвенционирање на садници – дрвја, грмушки и декоративни растенија – кои жителите ќе можат да ги засадат во своите дворови и во блоковското зеленило. Општината ќе покрива дел од трошоците за набавка, додека станарите ќе учествуваат со остатокот. Садниците ќе бидат внимателно одбрани за да одговараат на урбаните услови и климатските специфики. Во акциите за садење ќе бидат вклучени и граѓаните, со поддршка од стручни лица кои ќе обезбедат правилно распоредување и соодветно одржување.

Особен акцент ќе биде ставен на одржувањето на зеленилото. За таа цел, Општината ќе овозможи ангажирање на пензионери кои ќе се вклучат во активности како наводнување, одржување на тревници, цветни алеи и новозасадени садници. Тие ќе добиваат мала парична надокнада или ослободување од одредени комунални давачки. Со оваа иницијатива, пензионерите ќе останат активни и општествено вклучени, а локалната заедница ќе има уредено и постојано одржувано зеленило.

Овој проект создава двострана корист – граѓаните добиваат повеќе зелени и здрави урбани простори, а пензионерите добиваат можност за ангажман и придонес кон заедницата. Со реализација на „Зелени дворови и блоковско зеленило“, Карпош ќе стане пример за тоа како локалната самоуправа, граѓаните и постарите генерации заеднички можат да создадат поубав, поуреден и поодржлив градски амбиент.

## Проект „еко-мобилност“

Со цел да се поттикне користењето на еколошки и алтернативни форми на транспорт, Општина Карпош ќе воведе субвенции за купување електрични велосипеди и тротинети.

Оваа мерка е наменета за младите и семејствата, кои преку поддршката ќе добијат можност да изберат економично и одржливо решение за секојдневно движење. Со тоа директно ќе се придонесе за намалување на загадувањето на воздухот, намалување на сообраќајниот метеж и промовирање на здрави навики кај граѓаните.

## Субвенции за чистење на оџаци

Со овој проект, Општина Карпош ќе воведе делумно или целосно субвенционирање на услугите за редовно чистење на оџаците кај домаќинствата. Субвенцијата ќе биде достапна еднаш годишно, со цел да се поттикнат жителите на редовна грижа за своите системи за греење.

Очекуваните резултати се почист воздух, зголемена безбедност од пожари и подигање на свеста за редовно одржување на оџаците.

## Субвенции за правни лица за рециклирање

Со проектот ќе се обезбеди финансиска и административна поддршка за компании кои развиваат зелени технологии, системи за преработка на пластика, хартија, стакло и метал, како и иновации во областа на управување со отпад.

Очекуваните резултати се зголемување на бројот на рециклажни капацитети, отворање на нови зелени работни места, намалување на количината на отпад и создавање на одржлив економски модел.

## „Селектирај паметно“ – систем за селективно собирање отпад

Современото управување со отпад е основа за чиста и здрава општина. За таа цел, Општина Карпош ќе воведе интегриран систем за селективно собирање отпад, придружен со современа едукативна кампања под слоганот **„Селектирај паметно“**.

Во рамки на проектот ќе бидат поставени специјализирани контејнери за пластика, стакло, хартија, метал и органски отпад на сите клучни локации во општината. Ќе се формираат „рециклажни острови“ во секое маало, а паралелно ќе се реализираат образовни програми во училиштата, јавни кампањи, работилници и информативни материјали за правилно селектирање.

Очекуваните резултати се почисти јавни простори, намалување на количината отпад што завршува на депонии, значително зголемување на процентот на рециклирани материјали, појава на нови зелени работни места и создавање основа за циркуларна економија. Со ова, Општина Карпош ќе стане пример за модерна, одржлива и еколошки свесна локална заедница, која ги следи европските стандарди и го подобрува квалитетот на живот на своите жители.

## Подигнување на јавната еколошка свест

Еколошките предизвици не можат да се решат само со инфраструктура – потребна е и активна вклученост на граѓаните. Затоа, Општина Карпош ќе спроведе проект за подигнување на јавната еколошка свест, преку организирани акции и кампањи со здруженија на граѓани и невладини организации.

Активностите ќе вклучуваат:

- садење дрвја и озеленување на јавни простори,
- акции за чистење на диви депонии и улици,
- јавни трибини и едукативни настани за климатски промени и одржлив развој,
- училишни програми за едукација на младите за рециклирање и грижа за природата.

## Инсталација на соларни системи и колектори на јавни објекти

Зголемувањето на трошоците за енергија и загадувањето ја наметнуваат потребата од користење на обновливи извори. Со овој проект, Општина Карпош ќе започне со инсталација на соларни панели и колектори на јавните објекти – училиштата, градинките и административните згради.

Активностите ќе опфатат:

- проценка на енергетските потреби на објектите,
- поставување на соларни панели и термални колектори за производство на струја и топла вода,
- развивање финансиски модели (буџет на општината, донаторски програми, европски фондови),
- воспоставување систем за енергетски менаџмент и мониторинг,
- едукативни програми за учениците и граѓаните за користење на зелена енергија.

Очекувани резултати: пониски сметки за училишта и градинки, намалување на штетните емисии, поголема енергетска независност и зелена иднина за Карпош.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Карпош е општина со богата историја, културни знаменитости и природни убавини кои често остануваат недоволно искористени. Од манастирите на Водно, преку културните споменици, до рекреативните зони покрај Вардар – Карпош има потенцијал да стане туристичка точка која ќе привлекува посетители од Скопје, од целата земја и од странство.

Локалниот туризам не значи само прошетки и разгледувања, туку создавање нови економски можности за жителите – од мали бизниси и занаети, преку угостителство, до културни и спортски манифестации. Општината има обврска да ги поддржи овие иницијативи, да обезбеди промоција и да создаде инфраструктура која ќе им овозможи на туристите и граѓаните да го доживеат Карпош на најубав начин.

Со развој на туристичките патеки, промоција на културното наследство и поддршка за локалните производи и услуги, Карпош ќе се претвори во препознатлива и атрактивна дестинација. Тоа значи повеќе гости, повеќе приходи и посилна локална економија – но пред сè, поголема гордост за нашите жители.

## Туристичка промоција на Карпош преку културни настани – „Карпош во ритам на културата“

Со овој проект, Општината ќе ја зајакне својата позиција како културен и туристички центар преку организирање на тематски фестивали, концерти, уметнички изложби и гастрономски настани што ќе ги афирмираат локалните вредности.

Целта е да се создаде препознатлив туристички бренд „Карпош во ритам на културата“, кој ќе стане редовна атракција за туристите, а истовремено ќе ја заживее економската активност во општината преку зголемена посетеност на ресторани, хотели и локални бизниси.

## Туристичка промоција преку рекреација – „Зелен Карпош“

Проектот ќе ја зајакне еколошката свест, ќе го афирмира Карпош како „зелена општина“ и ќе ја поттикне спортската рекреација кај граѓаните и туристите.

## Туристичка промоција на гастрономијата – „Вкусови на Карпош“

Гастрономијата е дел од културното наследство на секоја заедница. Карпош има развиена мрежа на ресторани, традиционални и модерни гастро-локали, кои соодветно промовирани можат да станат туристички бренд. Со проектот „Вкусови на Карпош“ ќе се организираат гастро-саеми, дегустации на традиционални јадења и натпревари во кулинарство, а локалните ресторани ќе бидат вклучени во промотивната туристичка

мапа.

Овој проект ќе го промовира Карпош како општина со уникатна гастро-културна понуда и ќе придонесе за економски раст преку зголемена посетеност на угостителските објекти.

### Поставување туристички патокази и дигитални табли

Посетителите на Карпош често немаат јасни информации како да стигнат до културно-историските локалитети или кои се нивните значења. Со цел подобра ориентација и поголема туристичка атрактивност, Општината ќе постави туристички патокази и информативни табли на клучни места – археолошкиот локалитет Скупи, Хавзипашините конаци во Бардовци, манастирите Св. Илија и Св. Пантелејмон, како и долж кејот на Вардар.

Таблите ќе бидат модерни и интерактивни, со вградени QR-кодови што ќе водат кон дигитални материјали, аудио-тури на повеќе јазици и виртуелни содржини. На овој начин, ќе се олесни движењето на туристите и значително ќе се подобри нивното искуство при посетата на Карпош.

### „Историска туристичка тура низ Карпош“

Карпош има богато историско и културно наследство кое заслужува да биде видливо, раскажано и доживеано. Со овој проект ќе се воспостави организирана туристичка тура низ најзначајните историски и културни локалитети на општината – археолошкиот локалитет Скупи, Хавзипашините конаци во Бардовци, манастирите Св. Илија и Св. Пантелејмон, како и меморијалните места.

Ќе се изработат информативни материјали (флаери, карти и брошури), мобилна апликација и аудио-визуелни содржини за туристите. Дополнително, ќе се обучат туристички водичи кои ќе спроведуваат тури за ученици, студенти и странски посетители.

Турите ќе бидат вклучени и во образовните програми на училиштата со цел да се зајакне културната свест кај младите, но и да се зголеми туристичката атрактивност и препознатливост на Карпош како културна дестинација.

### Формирање туристичко-информативно биро во Карпош

Преку туристичко-информативното биро, посетителите ќе можат да добијат мапи, патоводители и информации за сите туристички, културни и рекреативни содржини во општината. Бирото ќе нуди и продажба на сувенири и промотивни материјали што ќе го претставуваат регионот. Дополнително, ќе се користи како центар за промоција на локалните настани, фестивали и традиции.

Ова ќе придонесе за подигнување на туристичката видливост на Карпош, зајакнување на локалната економија и создавање нови можности за вмрежување на локалните производители и уметници.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Секоја општина е силна онолку колку што е силен гласот на нејзините жители. Карпош е општина со живи маала, со гласни граѓани кои не се плашат да кажат што им пречи, што им недостасува и што би сакале да видат како промена. Ваквиот непосреден контакт и слушање на луѓето создава програма што не е изолирана во канцеларија, туку расте од секојдневните потреби.

Нашата визија е секое маало да добие свој културен белег, каде жителите ќе имаат можност да уживаат во концерти, претстави, изложби и фестивали. Локалните уметници ќе бидат поддржани за да создаваат и изложуваат во јавниот простор – преку мурали, скулптури и инсталации што ќе ги разубават улиците и ќе го збогатат урбаниот пејзаж. Парковите и скверовите ќе станат места за дружење и култура, каде традицијата ќе се негува преку симболични содржини, како маси за шах и активности на отворено.

Со силна поддршка и промоција на културните настани, Карпош ќе се издигне како општина што ја чува традицијата, но и создава нови културни вредности – општина каде што креативноста и заедништвото се живее секој ден.

## Средување и модернизација на постоечкиот амфитеатар на кејот на Вардар

Со овој проект, Општина Карпош ќе изврши целосно обновување и модернизација на амфитеатарот. Ќе се постават нови седишта, современа сцена со акустична подлога, професионално звучно и светлосно озвучување, како и декоративно осветлување на просторот. Ќе се уреди и околниот простор со нови пешачки патеки, зеленило и урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, летниковци), за да се создаде пријатна средина за посетителите.

Со тоа, амфитеатарот ќе стане мултифункционален културен простор каде ќе може да се одржуваат концерти, претстави, фестивали, јавни трибини и спортско-рекреативни активности. Оваа модернизација ќе му даде нов живот на кејот, ќе го направи поатрактивен за жителите и туристите и ќе придонесе за развој на Карпош како современа културна општина.

## „Култура за Карпош“ – заеднички креираме култура

Културата станува највредна кога во нејзиното создавање активно учествуваат самите граѓани и уметници. Затоа, Општина Карпош ќе воведе практика на јавни повици за културни проекти, преку кои здруженија, уметници и поединци ќе можат да аплицираат со свои идеи за културни настани и програми.

Избраните проекти ќе бидат вклучени во официјалната годишна културна програма „Култура за Карпош“, која ќе обединува концерти, театарски претстави, стенд-ап комедии, уметнички изложби и мултимедијални настани. Настаните ќе се организираат во сите населби, со цел културата да биде рамномерно достапна до секој граѓанин, без разлика каде живее.

Програмата ќе биде динамична и вклучувачка, со учество на локални и национални уметници, но и соработка со културни институции и меѓународни партнери. На тој начин ќе се создаде препознатлив културен календар на општината, кој ќе обезбеди транспарентност, предвидливост и разновидност на културната понуда.

Очекувани резултати се поголема вклученост на локалната заедница, поддршка на независната културна сцена, развој на локални таленти и позиционирање на Карпош како современо културно средиште препознатливо во Скопје и пошироко.

## „Мурал за секое маало“

Секое маало ќе добие свој уникатен мурал или јавна скулптура, со што ќе се зајакне локалниот идентитет и ќе се разубави просторот. Уметниците ќе бидат избрани преку јавен конкурс, а граѓаните активно ќе учествуваат во изборот на мотивите и идејните решенија. На овој начин ќе се создаде чувство на заедништво и гордост кај жителите, а општината ќе добие современ визуелен белег.

## „Карпош на отворено“ – Летен театар и Сцена на кејот

Летните месеци се идеален период културата да излезе на улиците и парковите и да стане дел од секојдневието на граѓаните. Карпош има потенцијал да се претвори во вистинско културно средиште, кое ќе ги обедини различните уметнички изрази и ќе ги доближи до сите генерации.

Со проектот „Карпош на отворено“, Општината ќе воспостави **Летен театар и Летна сцена на кејот на Вардар**, инспирирани од примерот на познатата „Школка“ во Градскиот парк. Просторот ќе биде уреден со современа опрема, осветлување и седишта, нудејќи мултифункционален амбиент за театарски претстави, стенд-ап настапи, филмски проекции, концерти и фестивали.

Покрај големата сцена, ќе биде изградена и мала сцена наменета за настапи на локални уметници, културни здруженија и млади таленти, со што ќе се поттикне нивната видливост и активно учество во културниот живот на заедницата. Летниот театар ќе стане место за собирање на младите, семејствата и постарите жители, претворајќи ја културата во достапна и пријатна форма за сите.

Очекуваниот резултат е создавање на ново културно јадро во Карпош, кое ќе ја заживее јавната сцена во летните месеци, ќе поттикне социјализација и заедништво, ќе ја збогати урбаната понуда и ќе ја позиционира општината како двигател на современи културни настани во Скопје.

## „Креативен Карпош" – ликовни работилници и годишна ликовна колонија

Со проектот „Креативен Карпош", Општината ќе воспостави ликовни работилници каде жителите ќе можат да учествуваат во создавање уметнички дела и да се изразат на креативен начин. Работилниците ќе бидат водени од етаблирани уметници и професори по ликовна уметност, а делата ќе бидат преточени во заеднички изложби и уметнички колекции. Овие дела ќе станат сопственост на општината и ќе бидат изложени во јавните простори, претворајќи ги улиците и институциите во живи галерии.

Паралелно, ќе се организира и **Годишна ликовна колонија**, која ќе ја надгради постојната традиција и ќе ја развие во културен настан со регионално и меѓународно значење. Во неа ќе учествуваат локални уметници, ученици, но и гости од странство, со што ќе се создаде простор за размена на идеи, техники и искуства. Ќе се организираат и работилници со познати уметници за млади таленти, кои ќе добијат поддршка и охрабрување да се развиваат и создаваат. Делата создадени на колонијата ќе бидат изложени во јавни простори и институции, со што ќе останат трајна културна вредност за Општината.

## „Фестивал на маалската култура"

Секоја населба во Карпош носи свој карактер, историја и дух, а токму тие различности ја прават општината уникатна и богата со културна разновидност. За да се зачува и промовира овој локален идентитет, Општина Карпош ќе организира годишен фестивал на маалската културакој ќе ги слави маалата преку музика, гастрономија, уметност и спортски активности.

Фестивалот ќе ротира низ различни делови на општината, со што секое маало ќе добие можност да се претстави и да ја покаже својата уникатност. Настанот ќе ги вклучи жителите, локалните здруженија, спортски клубови и бизниси, создавајќи платформа за дружење, соработка и културна размена.

## Детски фестивал „Гласови на иднината"

Со овој проект, Општина Карпош ќе обезбеди финансиска поддршка за организација на традиционален детски фестивал „Гласови на иднината", со учество на локални и национални училишта, хорови и ансамбли. Фестивалот ќе биде место каде децата ќе можат да се дружат, да ја развиваат својата креативност и да учат преку културни содржини.

Особен акцент ќе биде ставен на зачувување на македонскиот јазик и културни вредности, со што фестивалот ќе има не само забавна, туку и едукативна и општествено значајна улога.

Очекуваниот резултат е развој на младите таленти, зајакнување на љубовта кон културата и јазикот и создавање на нова традиција која ќе ја обединува младата генерација.

## „Карпошово културно лето“

Културата на отворено е најубавиот начин да се оживее заедницата во летните месеци. Карпош ќе го врати сјајот на културното лето преку богата програма која ќе обедини етно музика, современи концерти, драмски изведби и танцови настапи, со цел културата да стане достапна до секој граѓанин.

Посебен сегмент на програмата ќе биде „Етнофестивалот“, со учество на фолклорни ансамбли, етно групи и промоција на македонската традиција, духовност и културно наследство. Настаните ќе се организираат на отворено – во парковите, на кејот на Вардар и на јавни простори во различни делови од општината – каде жителите ќе можат да уживаат во културна програма во пријатна и достапна атмосфера.

## Летно автокино

Водно ќе се претвори во уникатна сцена за современа културна забава. Со поставување на летно автокино, граѓаните ќе имаат можност да гледаат филмови од своите возила или на отворено, уживајќи во филмска магија во природен амбиент.

Овој проект ќе биде дел од програмата „Културно лето во Карпош“ и ќе привлече различни генерации – млади, семејства и љубители на кино културата. Автокиното ќе овозможи проекции на современи филмови, класични остварувања и специјални тематски вечери, со што ќе се збогати културната понуда и ќе се создаде нова традиција во летните месеци.

## Филмска недела – Карпош кино на отворено

Летните вечери во Карпош ќе добијат нова димензија преку проектот „Филмска недела – Карпош кино на отворено“, кој комбинира редовни проекции под ѕвездите и тематска филмска манифестација посветена на филмската култура. Целта е филмот да стане достапен за сите генерации, а јавните простори на општината – парковите, скверовите и кејот на Вардар – да се претворат во живи сцени за култура и социјализација.

Програмата ќе вклучува разновиден избор: класични и современи остварувања, детски анимации, документарни филмови и дела на домашни и регионални автори кои ретко добиваат простор во комерцијалните кина. Во рамките на „Неделата на филмската култура“ ќе се организираат и специјални проекции на неанглиски филмови, панел-дискусии, работилници со режисери, актери и филмски професионалци, како и фестивалски дел со натпреварувачка програма за млади автори.

Очекувани резултати се збогатување на културниот живот на општината, афирмација на домашното и регионалното филмско творештво, развивање на културна размена и промоција на Карпош како општина што ја негува филмската уметност и ја приближува до граѓаните во едноставна, пријатна и достапна форма.

## Поддршка на млади уметници

Со овој проект, Општина Карпош ќе обезбеди финансиска и логистичка поддршка за млади уметници, преку кофинансирање на уметнички проекти, студиски престои, самостојни и групни изложби, како и јавни презентации на нивните дела. На тој начин ќе им се овозможи поголема видливост, професионален развој и вмрежување со културните институции и јавноста.

Очекувани резултати се создавање на силна генерација на нови автори, збогатување на културната понуда на општината и промоција на Карпош како средина што активно инвестира во младите и нивниот талент.

## Културна манифестација „Уметноста создава вредности“

Општина Карпош ќе воспостави годишна културна манифестација „Уметноста создава вредности“. На оваа манифестација ќе се доделуваат годишни награди за културни достигнувања во различни области – музика, театар, литература, визуелни уметности и културен активизам. Настанот ќе биде придружен со културна програма и ќе стане традиционален симбол на признание за оние кои со својата работа ја збогатуваат културната сцена во општината и пошироко.

Очекувани резултати се афирмација на уметниците, мотивирање на младите генерации да се занимаваат со култура и зајакнување на имиџот на Карпош како општина што активно ја вреднува уметноста и културното наследство.

## Паркови со шах маси и културни активности на отворено

Шахот е дел од традицијата на Карпош и симбол на мудрост, трпение и заедништво меѓу генерациите. За да се зачува и оживее оваа традиција, Општина Карпош ќе постави специјални маси со шах-табли во парковите и скверовите, каде граѓаните ќе можат да се дружат, натпреваруваат и да го пренесуваат знаењето на помладите генерации.

Покрај шахот, овие уредени простори ќе се користат и за културни активности на отворено – поетски читања, мини-концерти, ликовни и едукативни работилници за деца. Со тоа парковите ќе се претворат во живи културни сцени, каде традицијата ќе се спојува со современата култура и креативноста на граѓаните.

## Новогодишен базар за деца

Со проектот ќе се организира Новогодишен базар за деца, кој ќе стане традиционален настан за промоција на детската креативност и радост во празничниот период. На базарот ќе се организира изложба на ученички творби – цртежи, ракотворби, украси и уметнички изрази, како и штандови каде децата ќе можат да ги претставаат своите креации. Настанот ќе биде збогатен со награди за најкреативните учесници и медиумска покриеност за да се истакне трудот на младите таленти.

Очекувани резултати се мотивирани деца кои ќе ја развиваат својата креативност, поголема видливост на ученичките таленти и создавање на нова традиција која ќе ја обедини заедницата во духот на празниците.

## ➤ Музички фестивал за локални бендови

Со проектот ќе се организира музички фестивал за локални бендови, кој ќе им овозможи простор за настап и промоција. Фестивалот ќе вклучи јавен избор на бендови, настапи на отворено, како и награден фонд за најдобрите изведби. Дополнително ќе се организираат работилници со познати музичари и продуценти, каде младите ќе учат за сценски настап, композиција и музички менаџмент.

## ➤ Локална галерија / Арт-центар

Карпош има богат потенцијал на млади и афирмирани уметници, но недостасува простор каде нивното творештво ќе биде видливо и достапно за јавноста. Со овој проект ќе се отвори или поддржи локална галерија / арт-центар кој ќе служи како постојан простор за изложби и културни активности.

Програмата ќе вклучува редовни изложби, конкурси и тематски настани, со цел да се создаде динамична културна сцена и постојана можност за афирмација на локалните автори.

## ➤ Уметнички викенд во Карпош

Со овој проект ќе се организира „Уметнички викенд“, настан кој ќе ги обедини туристите и локалното население во едно уникатно културно доживување. Во рамки на викендот ќе се одржуваат сликарски перформанси на отворено, изложби во јавни простори и креативни работилници, каде посетителите ќе можат директно да учествуваат во уметничкиот процес. Настанот ќе има и придружна музичка и гастрономска програма, со цел да се создаде целосно културно и туристичко искуство.

Очекувани резултати се збогатување на туристичката понуда на општината, афирмација на локалните уметници, зголемено учество на граѓаните во културниот живот и позиционирање на Карпош како отворена уметничка сцена.

## ➤ Уметнички сувенири од локални автори

Со овој проект ќе се поттикне изработка и продажба на уметнички сувенири – ракотворби, минијатурни скулптури, графики, слики и дизајнерски производи инспирирани од локалната историја и култура.

Очекувани резултати се промоција на градот преку уметност, поддршка за локалните автори и збогатување на туристичката понуда со автентични производи.

## Дигитална платформа за уметност

Современите технологии овозможуваат уметноста да биде достапна надвор од изложбените простори. Општина Карпош ќе креира онлајн галерија – дигитална платформа за промоција на дела од локалните творци. Платформата ќе овозможува виртуелни изложби, презентација на биографии и дела на уметниците, како и можност за онлајн продажба. На овој начин, културното творештво ќе добие поголема видливост, а локалните автори нов канал за промоција и заработка.

Очекувани резултати се зголемена достапност на уметноста, дигитализација на културните ресурси и поврзување на Карпош со глобалните културни трендови.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Силна и здрава заедница се гради тогаш кога секој граѓанин знае дека Општината стои зад него – без разлика дали е млад, стар, лице со попреченост, социјално ранлива категорија или семејство што се соочува со тешкотии. Социјалната и здравствената заштита мора да бидат достапни, ефикасни и човечки насочени. Карпош мора да биде општина во која секој има поддршка, каде што солидарноста не е само збор, туку практика.

Нашата визија е создавање систем во кој ќе постои континуирана грижа за најранливите категории, но и превентивни програми за здравјето на сите жители. Од поддршка за пензионерите и самохраните родители, преку волонтерски програми и здравствени акции, до создавање на услуги што ќе го олеснат секојдневието на граѓаните – сето тоа е дел од функционалната мрежа што Карпош ќе ја изгради.

Социјалната сигурност и здравствената заштита не се привилегија, туку право на секој човек. Затоа Општина Карпош ќе инвестира во современи, достапни и инклузивни услуги што ќе го зајакнат заедништвото и ќе обезбедат достоинствен живот за сите жители.

## ➤ Реконструкција на детска градинка „Мајски цвет“

Проектот за реконструкција има за цел да ја освежи и модернизира градинката, со комплетна санација на внатрешните простории, адаптација на кујнскиот блок, реновирање на санитарните јазли и воведување енергетски ефикасни решенија. Дополнително ќе се уреди и дворното игралиште, со нова опрема и безбедносни стандарди што ќе обезбедат сигурна игра и престој на најмладите.

Оваа инвестиција не е само во ѕидови и опрема – таа е вложување во најраната возраст, во иднината на заедницата. Со реконструкцијата, „Мајски Цвет“ ќе стане простор исполнет со светлина, боја и удобност, каде што децата ќе растат во здраво и стимулирачко опкружување, а воспитувачите ќе имаат подобри услови за работа.

Очекуваниот резултат е градинка која ќе биде пример за современа установа за згрижување и едукација, место кое ќе ја врати довербата на родителите и ќе ја зголеми поддршката на заедницата кон најмладите генерации.

## ➤ Изградба на комбинирана детска установа – ЈУОДГ„Пролет“

Со проектот за изградба на комбинирана детска установа „Пролет“ ќе се воспостави современ објект кој ќе обедини јасли и градинка во една целина. Просторот ќе биде

планиран според најновите педагошки и безбедносни стандарди – светли и простра-ни занимални, специјално адаптирани санитарни јазли, кујнски блок и двор со опрема за безбедна и креативна игра.

Оваа институција ќе им овозможи на децата да поминуваат време во средина која поттикнува учење, креативност и дружење, а на родителите ќе им обезбеди сигурност и доверба дека нивните деца се згрижени во установа со високи стандарди на грижа.

Очекуваниот резултат е зголемување на достапноста на предучилишните услуги во Карпош, намалување на листите на чекање и обезбедување на ново, современо место каде што најмладите ќе растат среќни и безбедни.

## ➤ Пристап за лица со посебни потреби – ООУ „Владо Тасевски“

Во ООУ „Владо Тасевски“ со години недостасуваа соодветни архитектонски решенија кои ќе овозможат непречено движење и еднаков пристап за учениците и родителите со посебни потреби.

Овој проект предвидува изградба и адаптација на пристапни рампи, лифт и санитарни простории кои ќе одговараат на највисоките стандарди за пристапност. Со тоа училиштето ќе стане навистина инклузивен простор, каде секое дете ќе може да се движи слободно, без бариери и ограничувања.

Оваа инвестиција има длабоко човечко значење – таа е порака дека секој ученик е подеднакво важен и дека општината вложува во еднаквост, достоинство и почит.

Очекуваниот резултат е создавање на целосно достапно училиште, каде децата со посебни потреби ќе можат да учат и да се развиваат рамо до рамо со своите врсници, а училиштето „Владо Тасевски“ ќе стане пример за вистинска инклузија во образованието.

## ➤ Карпош – Здрава општина

Овој проект предвидува воспоставување на организирани бесплатни скрининг-програми за рано откривање на заболувања како рак на дебело црево и кардиоваскуларни болести. Преку партнерство со здравствените установи ќе се обезбедат редовни превентивни прегледи, а паралелно ќе се организираат едукативни кампањи за жителите за значењето на здравите навики и навремените контроли.

Дополнително, проектот ќе вклучи и работилници за превенција на зависности кај младите, во соработка со училиштата и невладиниот сектор. На тој начин ќе се гради свесност кај најмладите генерации за здрав начин на живот, самоконтрола и отпорност кон ризични однесувања.

## ➤ Изградба на пензионерски дом и клубови

Овој проект предвидува изградба на нов пензионерски дом во општината, со капацитети прилагодени на најсовремените стандарди за грижа и нега. Дополнително, ќе се

отворат неколку пензионерски клубови во различни населби, со простор за социјални активности, дружење, културни настани и креативни работилници.

Очекуваниот резултат е постарите граѓани да добијат сигурност и квалитетна грижа преку новиот дом, а преку клубовите ќе имаат можност да останат активни, вклучени и почитувани членови на заедницата. На овој начин, општината ја покажува својата грижа и внимание за една од најчувствителните групи во општеството.

## Подобрување на животот на децата со попреченост

Еднаквоста и инклузијата се темелни вредности на едно современо општество. Во Карпош постојат деца со попреченост и нивни семејства кои секојдневно се соочуваат со предизвици – од недоволна стручна поддршка, до ограничени можности за учество во образовниот и социјалниот живот.

Овој проект предвидува низа активности за поддршка и подобрување на животот на децата со попреченост:

- формирање на посебна телефонска линија за поддршка на родители,
- заживување и проширување на Центарот за деца со аутизам,
- вработување на дефектолози во училиштата и градинките за директна работа со децата,
- обезбедување програми за вклучување на децата во практична настава и рекреативни активности.

Очекуваниот резултат е двоен: децата со попреченост ќе добијат поддршка и можност за целосно вклучување во образовниот процес и секојдневниот живот, а родителите ќе имаат институционална сигурност и помош. Со тоа Карпош ќе стане пример за вистинска инклузивна заедница која ги почитува потребите на сите свои жители.

## Инклузивен Карпош – поддршка за деца и лица со попреченост

Инклузивното образование и грижата за лицата со попреченост се основа за современо и зрело општество. Во Карпош постои потреба од подобрување на инфраструктурата и услугите, за децата и возрасните со попреченост да можат да живеат и да се развиваат достоинствено, без бариери.

Со проектот „Инклузивен Карпош“, Општината ќе изгради **сензорни соби** за деца со аутизам и сензорни нарушувања, ќе постави **рампи и пристапни тоалети** во училиштата и градинките, како и **советувалишта и програми за поддршка на родителите**. Наставниците ќе минуваат низ обуки за примена на инклузивни методи, со што ќе се создаде безбедна, достапна и пријатна средина за учење и развој.

Паралелно, Општината во соработка со Министерството за труд и социјална политика ќе отвори **Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост**. Центарот ќе обезбеди стручна грижа, психосоцијална поддршка, едукативни и креативни работилници, рекреативни активности и простор за социјализација и интегра-

ција. Со тоа ќе се помогне и на семејствата, преку советувалишта и програми кои ќе го олеснат секојдневието и ќе понудат сигурност дека не се сами во својата грижа.

Очекувани резултати се обезбедување еднакви шанси за сите деца, подобрен квалитет на образованието и пристап до услуги што гарантираат достоинствен живот за лицата со попреченост. Со ова, Карпош ќе се издигне како општина која практично ја реализира својата заложба за еднаквост, поддршка и социјална инклузија.

## Пристапни рампи и инфраструктура за лица со инвалидност

Со овој проект, Општина Карпош ќе изгради пристапни рампи во сите јавни институции, училишта и градинки, како и целосна адаптација на тротоарите и пешачките премини на главните улици. Ќе се постават тактилни патеки и сигнализација со што ќе се овозможи непречено движење на лица со инвалидност, родители со колички и постари граѓани.

Очекуваниот резултат е општината да стане навистина инклузивна и пристапна за сите свои жители, а истовремено ќе испрати порака дека достоинството и еднаквоста се темелни вредности на заедницата.

## Нова градинка во населба Влае 1

Со овој проект, Општина Карпош ќе изгради нова современа градинка во Влае 1, со капацитет за околу 200 деца. Објектот ќе биде изграден според највисоки стандарди за безбедност и функционалност, ќе вклучува енергетски ефикасни системи, современи простории за престој, игра и едукација, како и двор со рекреативни содржини.

Очекуваниот резултат е родителите да добијат сигурност дека нивните деца се згрижени во современи и безбедни услови, а Општината да обезбеди нов капацитет кој ќе ја растовари пренатрупаноста во постојните установи.

## Програма за домашна нега за стари лица

Со овој проект, Општина Карпош ќе воспостави сервис за домашна нега кој ќе обезбеди целосна поддршка за старите лица преку:

- ангажирање на здравствени работници и негуватели за медицинска и лична грижа,
- вклучување на волонтери и фармацевти за достава на лекови и практична помош,
- обезбедување психосоцијална поддршка и редовна комуникација за спречување на осаменост.

Програмата ќе им овозможи на старите лица поголема сигурност, квалитетна грижа и достоинствен живот во сопствениот дом, а нивните семејства ќе добијат поддршка и олеснување во секојдневните обврски.

## Волонтери и Црвен крст

Општина Карпош во соработка со Црвен крст ќе организира мрежа од волонтери кои ќе помагаат на постарите и ранливите лица во секојдневните потреби. Општината ќе обезбеди и специјално опремено комбе за превоз до болници и ординации, со што ќе се гарантира пристап до здравствени услуги за сите.

Очекуваниот резултат е да се обезбеди практична и човечка поддршка за најранливите граѓани, а воедно да се поттикне волонтерството и солидарноста како темелни вредности на заедницата.

## Проширување на капацитетите на постојните градинки

Општина Карпош ќе спроведе системско проширување на постојните капацитети во веќе активните градинки. Предвидено е доградба на нови крила и простории, адаптација на неискористени делови од постоечките објекти и модернизација на инфраструктурата за да се добијат дополнителни места за згрижување на деца.

Сите проширени објекти ќе бидат опремени според современи стандарди – со енергетски ефикасни решенија, безбедносни протоколи и функционални простори за престој, едукација и игра.

## Карпош за семејствата

Со овој проект, Општина Карпош ќе воведе програма за поддршка на млади родители преку бесплатни пакети за новороденчиња, кои ќе содржат пелени, средства за хигиена и ваучери за бебешка опрема.

Очекуваниот резултат е младите семејства да добијат конкретна и практична поддршка во најважниот период, а општината да ја зајакне својата улога во спроведување на позитивна демографска политика и поттикнување на младите да создаваат семејства.

## Центри за семејно и родово базирано насилство

Со овој проект ќе се формираат специјализирани центри на повеќе локации, опремени со простории за советување и привремено згрижување. Во нив ќе работат психолози, социјални работници, правници и медицинари кои ќе обезбедуваат психосоцијална, правна и здравствена поддршка. Ќе се реализираат и кампањи и едукативни програми за превенција и подигање на јавната свест.

Проектот ќе придонесе за зголемена безбедност на жртвите, нивно побрзо закрепнување и создавање општество кое активно се бори против насилството.

## Грижа за менталното здравје на младите

Проектот предвидува формирање центри за ментално здравје за младите, организирање работилници и предавања со психолози и експерти, како и јавни кампањи за подигнување на свеста. Ќе се обезбедат грантови за НВО кои работат со млади и

ментално здравје, со цел поширока мрежа на поддршка.

Очекуваните резултати се зголемена достапност на услуги, подобра информираност за менталното здравје и посилна заштита на младата популација.

## Поддршка за деца со посебни потреби

Инклузивното образование е предуслов за еднакви можности и достоинствен развој на секое дете. Во дел од училиштата во Карпош недостигаат соодветни услови за децата со попреченост, што ја ограничува нивната интеграција и квалитетот на образованието.

Со овој проект, Општина Карпош ќе спроведе низа активности за подобрување на пристапноста и инклузивноста во училиштата:

- вградување на лифтови и пристапни тоалети,
- создавање на сензорни соби за деца со аутизам и сензорни нарушувања,
- инсталација на тактилни патеки и обележја за лица со оштетен вид,
- организирање на обуки за наставниот кадар за примена на инклузивни методи во наставата.

Очекуваниот резултат е да се зголеми инклузијата и да се подобри квалитетот на образованието за децата со посебни потреби, а училиштата да станат безбедни и пријатни средини каде сите ученици ќе можат да се развиваат заедно со своите врсници.

## Социјални клубови за пензионери

Со овој проект, Општина Карпош ќе отвори социјални клубови за пензионери во различни населби. Тие ќе бидат опремени со простории за дружење, културни настани, креативни и едукативни работилници, како и за организирање на спортско-рекреативни активности.

Очекуваниот резултат е пензионерите да добијат место каде ќе се чувствуваат активни, почитувани и вклучени во заедницата, а општината да придонесе за подобрување на социјалната кохезија и квалитетот на живот на повозрасните граѓани.



# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

1. Карпош – општина со меѓународни партнери.
2. Центар за обуки и контрола на квалитет.
3. Данок на имот – колку прибира, толку враќа.
4. Управители на згради – решавање на проблемите.
5. Современ стационар и крематориум за миленици.
6. Посебни средби со урбаните единици.
7. Полиција блиска до граѓаните.
8. Инфраструктурни интеграции за заштита и спасување.
9. Нулта толеранција за корупција и криминал во урбанизмот.
10. Субвенции за замена на покриви.
11. Вонннаставни активности.
12. Отворен ден за сите.
13. Јакнење на граѓански организации.
14. Кампањи за свесно управување со возила.
15. Подобрување на јавната безбедност.
16. Транспарентност, отчетност и идеи од граѓаните.
17. Карпош подготвен – Систем за самозаштита и безбедност.
18. Дневен центар за лица со Алцхајмерова болест и деменција.

ВМРО-ДПМНЕ